**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Сто и дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана 20 јули 2005 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто и дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Весна Борозан, Славица Станковска, Наташа Биковска, Ванчо Георгиев, Рафет Муминовиќ, Али Ахмети, Фазли Велиу, Абдилаќим Адеми, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Љупчо Балковски, Никола Груевски и Петар Наумовски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Значи сеуште сме на 14-та точка **- Предлог за донесување на изборниот законик.**

Продолжуваме со претрес.

Господине Караџоски продолжете со вториот дел од вашето излагање.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе,

Значи, јас имам чест да продолжам како серизки филм во втора епизода, благодарение на времето кое истече вчера. Вчера се обидов да дадам уводно излагање по однос на Предлогот за донесување на изборниот законик и тогаш кажав дека ќе зборувам од свое лично име и од име на пратеничката група на ВМРО Народна Партија, со она што ние сметаме дека треба да бидат забелешки на овој закон, односно што треба да биде корегиран.

На почетокот ќе дадам некоја анализа од свое видување на она што се нуди во текстот. Кажав и вчера, ќе кажам и денеска. Значи сега ја имаме таа можност да имаме една комплексна материја, што значи комплетно изборно законодавство, што значи во овој закон опфатени се регулативите за избор и на претседател на државата, регулативи за избор на пратеници, на советници, градоначалници, потоа она што значи избирачки список, евидентирано избирачко право и така натаму. За изборните единици за сите оние закони кои што вчера беа во посебни прописи, а денеска со овој изборен законик ви се нудат како една обединета форма, значи во еден законик кој што во иднина треба да ја црпиме изборната регулатива и во иднина по еден систем треба да се однесуваме на тие избори. Можеби, со почетокот на самиот закон регулативата почнува веднаш со изборнот модел. За некого е спорно зошто така почнува законот. По однос на изборниот модел се слушнаа и експерти и така натаму. За некои пак пратеници, политички партии, политички претставници, се најде да се оспори изборниот модел во смисла на она што се нуди овде како решение кое не е добро. И нормално сега кога имаме нов законик, имаме право да дискутираме по повод секој член. Да беа измени и дополнувања, тогаш немаше да се осврнуваме на она што не е предложено, но со самиот факт што се отвора проблемот, односно целата изборна материја, одредени политички субјекти, одредени пратеници го отворија проблемот и со изборниот модел.

Јас на почетокот ќе кажам во името на ВМРО Народна партија дека ние го поддржуваме оној став кој што регулира она што е регулирано во членот 3, особено во ставот 2, каде што се зборува за избор на пратеници. Ние сме за пропорционалниот модел, она што е воспоставено во Република Македонија од 2002 година и која до ден денеска опстојува како законска регулатива. Сега, повторно да не бидеме сфатени со оглед дека СДСМ или владеачката коалиција го предлага таквото решение, па ние ако нешто прифатиме од тоа што се нуди дека сме ние заедно со нив. Јас ќе кажам причина поради кои што ВМРО Народна партија го поддржува ставот да имаме пропорционален модел.

Првата причина поради која што сме за пропорционален модел е затоа што сме доследни на она што веќе еднаш сме го утврдиле. Јас и пред некој ден кажав во една реплика и сега ќе го повторам. Значи, моделот, пропорционалниот модел на шест изборни единици го воведе токму Владата на господинот Ѓорѓиевски во 2002 година. Значи, немам причина да бидам недоследен од она што веќе еднаш сме го промовирале и еднаш влегло во изборното законодавство. Што е првата причина. Не дека е СДСМ така сака, туку затоа што некој претходно тоа го регулирал. Она што сега владеачката коалиција го предлага, е решение кое веќе опстојува четири години во Република Македонија. Значи, тоа е првата причина.

Втората причина, јас почитувани колеги мора да ве потсетам и да ви укажам дека токму таквиот модел го положи тестот. Ако во 2002 година беше експеримент и имавме многу скептицизам во смисла на тоа дали таквиот модел со шест изборни единици ќе го положи тестот, пред се, на фер и демократски избори. Потоа, дали со таквиот модел претставниците, односно кандидатите за пратеници ќе можат да се пртставаат пред граѓаните како единки, или само ќе бидат претставени политичките партии со своите проблеми. Јас ве убедувам дека тој модел го положи тестот. 2002 година е една од ретките години, која го потврди и го докажа, благодарение на овој модел, каде што добивме признание и од меѓународните фактори дека имавме најфер и најдемократски избори и тоа го призна и позицијата и опозицијата.

Спрема тоа, немаме причина ако еден тим, ако една формула, еден модел победува и се докажала, не ја гледам причината зошто сега би разговарале и би дискутирале во смисла на тоа да го смениме моделот, па да одиме на мнозински систем, односно да се вратиме таму каде што бевме пред пет години, односно пред четири години.

Третата причина поради која што сметам дека треба да остане овој модел е токму овој модел потврден и докажан не само во Република Македонија, туку и во оние земји кои што имаат чист пропорционален модел е тоа што тој истиот гарантира фер и демократски избори во најголем дел. Зошто гарантира, самите ќе кажете затоа што прво, има еден круг, потоа, гласовите се далат пропорционално. Значи никој на почетокот во стартот не може да знае какви ќе бидат резултатите за да може евентуално да прави одредени дејствија, кои се во одреден смисоол, не фер, не демократски, или пак одредени неправилности. Значи, самиот модел, самиот старт има гаранција дека тој модел ни гарантира по фер и по демократски избори.

Четврта причина, не ја гледам разликата дека со пропорционалниот модел граѓаните, односно кандидатите за пратеници не можат да се претставаат пред граѓаните и дека само со мнозинскиот модел ние го имаме кредибилитетот пред граѓаните, односно како кандидати за пратеници или идни пратеници, заради тоа што како единки не гласат и ние се претставуваме пред нив.

Јас ќе ги потсетам колегите кои што имаат скептицизам по однос на овој модел, дека и во времето кога имавме мнозински модел излегувавме како кандидати за пратеници, односно со политички платформи. Сите ние бевме припадници на одредени политички партии и пред граѓаните директно или индиректно ја промовиравме изборната програма на партијата која што не предложила. И сега не е поразлично со пропорционалниот модел, затоа што и сега на листата постојат кандидати. На секоја изборна единица по 20 кандидати од партија и секој кандидат е напишан со име и презиме и секој кандидат во својата изборна единица излегува пред граѓаните и ја промовира политичката платформа, или програмата на партијата која што го делегирала. Значи, не ја гледам разликата.

Трета работа, дали пропорционалноит модел, или мнозинскиот модел е гаранција дека некој пратеник утре ќе ја смени политичката опција на која припаѓа или од која што ги добил да биде кандидат на листа, исто така не е гаранција. Ниту пак може тоа право да се поистовети со правото дали пратеникот ќе опстои во некоја партија или ќе ја промени. Моделот нема никаква врска со тоа дали пратеникот ќе припаѓа на една политичка партија, или не. На една пратеничка група или не. Тоа беше сосема друго прашање. Во законот за избор на пратеници имаме регулатива со која што се овозможуваше премин на пратеник од една политичка партија во друга. Тоа го укина Уставниот суд. Никој овдека не гласал за некој закон, освен за иницијативата. Според тоа, тука се дилемите расчистени. И токму заради тоа во овој законик ги нема тие одредби, затоа што се косат со Уставот. Одлуките на Уставниот суд ние сме должни да ги почитуваме. Према тоа, нема гаранција дали со пропорционален модел, или со мнозински, или незнам каков друг, комбиниран дека ќе се овозможи со таквиот модел пратеникот да биде држан со сила или незнам како во одредена политичка партија. Пратеникот е слободен по своето видување, слободен во своето одлучување. Членот 62 од Уставот тоа јасно го кажал и може да ја смени политичката партија во оној момент кога тој смета дека таа истата одстапила од она за кој што тој пристапил и за која што тој излегол пред граѓаните со одредена програма.

Ако земам сето ова да го елаборирам, навистина, не можам да сфатам и не ми е јасно како одредена политичка партија сега одеднаш реферира. Ако до вчера, а сме припаѓале таму сите, ако до вчера сме се залагале или сме дале глас, или сме биле во таа влада на Ѓорѓиевски заедно и таму како министер за финансии, господинот Груевски, како член на Извршен комитет во ВМРО-ДПМНЕ во партијата на Ѓорѓиевски, како потпретседател на ВМРО ДПМНЕ во истата таа партија, учествуваше, нормално беше присутен кога се одлучувавме и кога предложивме овдека со закон да го одбереме пропорционалниот модел. Не ми е јасно сега како одеднаш да се реферира. Ако земеме предвид се она што го имаме како фактичка состојба, да ги погледнеме сите избори во Република Македонија и да анализираме кога ни се случиле неправилности. Ќе видите дека најголемите проблеми, најголемите неправилности, најоспоруваните избори се таму каде што има мнозински модел. Претседател на држава, секој избор на претседател на држава заради мнозинскиот модел е оспоруван. И почитуваниот господин Борис Трајковски, сега покоен, во времето кога беше избран и назначен за Претседател на државата беше оспоруван и тогаш беше промовирана формулата граѓанин. Заради неправилностите кои што некој ги оцени дека се неправилности, заради се она што се случуваше во текот на изборите. Не ни беше тоа поука, не го сфативме тоа како сериозна опомена дека овој модел предизвикува навистина, проблем во однос на неправилностите. Ни се случи и сега со сегашниот претседател на тие избори да имаме проблем, не само во цензусот, кој очигледно е проблем за Република Македонија, туку и во нерегуларностите во однос на тој избор. Па и денеска имаме уште еден граѓанин на Република Македонија кој по функција е претседател, кој што некој не го признава за претседател, а цело време коалицира со него. Нелогично значи, некој го нарекува граѓанин, а од друга страна да ги почитува сите негови ставови, и дури да биде некаков коалиционен партнер.

Според тоа, ако нешто се предлага, ако сакаме овдека нешто сериозно да дискутираме во однос на изборниот закон и тоа да го правиме сериозно, а не само од позиција на тоа се јас што кажувам се е најпаметно, а другите што кажуваат имаат проблем, или пак, овие се додворуваат на власта а ние сме во опозиција, ама во оваа ситуација се

што ќе кажеме нашето се е исправно. Јас тврдам, и не само јас тоа ќе го слушнете од многу и од експерти и од многу други граѓани на Република Македонија дека мнозинскиот модел, особено при избор на пратеници нема да донесе фер и демократски избори. Ако пак ни е целта да одиме во такви избори, тогаш нема зошто да отвораме некои прашања кои не заслужуваат одговор.

Од друга страна исто така, се залагаме да ги примениме сите оние препораки што ни ги упати на некој начин меѓународната заедница ОБСЕ и така натаму кои ни укажа дека овие избори треба да бидат тест за Република Македонија, за нејзиното понатамошно етаблирање во меѓународните тела. Едно од најголемите укажувања е токму нерегуларностите при избори. Ако сме сериозна политичка партија, сериозно треба да размислуваме. Ако изнајдеме каде е проблемот, каде ни се случувале нерегуларности, глупо е сега да се прикажуваме пред меѓуанродната заедница како ние сме за фер и демократски избори, а од друга страна заговараме некаков модел кој по дефиниција продуцира нерегуларности.

Треба да ве потсетам што значеше вториот круг при избор за градоначалник сега на локалните избори. Не треба, затоа што сите ние добро знаеме. Треба да ве потсетувам дека меѓу двата круга се случува еден да излезе да се прогласи за победник, по некој ден и другиот се проглсува за победник, а пред да се прогласи за победник ги објавува изборите за нерегуларни. Па откако ќе ги видиме резултатите од гласовите повеќе не се, односно се регуларни и така натаму и сето тоа го правиме во пеериодот помеѓу два круга. Па повикуваме на бојкот, па незнам што друго. И заради тоа да не ни се случуваат таквите работи, најдобро решение е ова што ни се нуди во овој член 3 став 2. Значи, проблемот по однос на моделот е тој и би сакал уште еднаш да повторам ВМРО Народна партија не е заради тоа што СДСМ со својата владина коалиција го предложил овој модел, никој не се смета за нивни послушници, туку заради тоа што тоа е наш став и заради тоа што со сите аргументи што ги кажав го поддржуваме тоа. Ние сме сериозна партија, со сериозни размислувања, према тоа сме свесни што значи едно, што значи друго, и од тие причини ние го поддржуваме ваквиот модел.

Понатаму почитувани пратеници, јас ќе кажам уште една реченица во смисла на моделот и во делот на членовите 7 и 8, каде што се зборува за неспоивост на функцијата,професионалност и неотповикливост на функцијата, која беше решение, односно новина која ја воведовме 2002 година и која што беше доста критикувана дали пратениците треба да бидат професионални, нивната функција да биде неспоива со ова или со она. Сакам само да ви укажам во контекст на она што претходно го зборував дека и таквите решенија го положија тестот на времето, иако тогаш беа доста критикувани. Најголемо прашање, незнам дали со право или не, предизвикаа решенијата во кој што се зборува за составот, односно за органите за спроведување на избори. Немаме никаква новина по однос на органите и се задржа тој концепт од 4 органи. ДИК, регионална изборна комисија, општински изборни комисии и избирачки одбори. Тоа беше и досега. Значи тие видови на органи и сега се заддржуваат. Што се менува? Се менува составот. Тука се отвори најголемиот проблем, најголемото прашање, значи, кој треба да ја сочинува ДИК, кој треба да биде член, кој треба да го предлага, зошто треба да го предлага, како треба да го предлага, која партија да учествува која да делегира и така натаму. Прашања, проблеми, кои што секојдневно ги слушаме и навистина, не само мене како праеник, туку верувам и на граѓаните им се здосадија, затоа што можеби за една банална работа, или за една работа која што освен политичка не е ништо друго, отворифме толкава расправа за да веднаш од старт создадеме алиби за евентуален пораз. Затоа што ако сега бараме нешто што сами сме свесни дека нема да помине, тогаш си имаме автоматски алиби за утре кога ќе ги изгубиме изборите да кажеме ете, нашиот најпаметен став не се прифати и од тие причини ние сега тврдиме дека изборите се нерегуларни. И вчера почитувани колеги на емисијата светла точка се отвори можеби најголема дебата помеѓу политичките претставници, токму за составот на изборните комисии или за ДИК и тн., и повторно разни убедувања, разубедувања итн., меѓутоа, токму на таа емисија имаше претставник од експертите, покрај политичките претставници имаше човек кој е од фелата и токму од неговото излагање можевме да исведеме заклучок дека ако сме сериозни и ако сакаме да се придружиме кон европското друштво за која што добивме зелено светло со прифаќањето на барањето за апликација, за рамноправно членство, а за кое што чекаме да ни дадат датум на преговори, ние мора да го следиме и европското законодавство, односно мораме да ги следиме нивните навики.

Значи ако сега отвориме дебата како во светот, како во европските земји се составени избирачките комисии, ќе видите дека предлогот на ВМРО - Народна партија за професионаизадија за учество на јавната и државната администрација во овие органи е апсолутно оправдан не заради тоа што така сака СДСМ, не заради тоа што ВМРО-Народна го притиснала СДСМ на преговорите - прифатете го ова затоа што ние инсистираме, па тие затоа што се уплашија од нас веднаш прифатија, туку заради тоа што така се приклонуваме кон европските правила, односно кон европските стандарди. Овде беа посочени примерите на Хрватска, беа посочени примерите на Бугарија, беа посочени примерите на Англија и да не ги набројувам сите други европски замји, каде што е јасна позицијата на државната и јавната администрација која учествува во овие органи. И што се случува таму? Јас не сум слушнал, ниту вчера на таа дебатна емисија слушнавме од експертите кои ги познаваат тие правила и прашања дека некој во Англија за време на

избори се пожалил дека изборите се фалсификат или дека се нерегуларни затоа што Државната изборна комисија ја сочинуваат луѓе од јавната или државната администрација. Напротив, таму и позиција и опозиција и во сите европски земји имаат огромно доверба кон тие институции. Кој друг е постручен, кој друг е пообучен токму за ваквите работи. Всушност, кој ги спроведува сите овие закони што ние ги носиме овде како законодавен дом? Токму јавната и државната администрација. Значи кога имаме една формула, кога имаме нешто што е докажано, проверено, јас не знам зошто предлогот особено на ВМРО-Народна партија, која за жал за некого можеби звучи како копија или идеја на некој друг, па можеби му е криво што еве ние први се сетивме, односно први го промовиравме ова, па сега да ни лепат и разни етикети, а очигледно се заостанати во времето. Сите други решенија кои што се нудат во законот, постојните решенија изборните комисии да ги сочинуваат судии на Врховниот суд, потоа судии на Апелационен суд, судии на Основен суд зависно од која изборна комисија станува збор, потоа да имаме по двајца претставници од политичките партии кои што освоиле најмногу гласови на последните парламентарни избори. Се друго е решение кое е карактеристично за земји во транзиција. Ако сакате да прифатиме, да бидеме ли уште земја во транзиција? Не можеме да бидеме земја во транзиција која добила статус на земја кандидат, односно земја со која ќе се отвори разговор за рамноправно членство. Не можеме. Тогаш треба да им кажеме на господата Европската унија дека сеуште сме земја во транзиција и дајте да не отвораме разговор за членство, затоа што нам ни одговара да имаме вакви решенија кои очигледно времето ги прегазило! Ако отвориме сега тука расправа и ако земеме да анализираме, според ДПМНЕ целата јавна и државна администрација била партизирана, до вчера и целото судство беше партизирано, сега денес слушам дека судството изгледа не е партизирано според нив. Значи ако тргнеме по такви формули и такви решенија, која е гаранцијата дека судиите не се партизирани? Која е гаранцијата? И сега, иако го изменивме Уставот, судиите ги бира и разрешува Собранието на Република Македонија. Една од причините поради кои го изменивме Уставот беше токму политичкото влијание врз судиите. Една од причините поради која Собранието се дистанцира од изборот и разрешувањето на судиите е токму парламентарното мнозинство кое преку политичките ставови влијае на независноста на судството. И сега, не би ме чудело тој предлог да дојдеше од позицијата, па тие да опстојуваат на тоа решение да бидат судиите, независно дали се од Врховен, Апелационен или Основен суд. Да опстои тоа решение не би ме чудело затоа што реков вие го имате мнозинството, вие ги избравте затоа што со мнозинство гласови ги гласате, вие ги предлагате преку институциите кои што се ваши, односно ги сочинувате со вашето мнозинство и би било логично вие да го барате тоа. Ама да го бара опозиција, да го бара тој што се прокламира за лидер на опозиција навистина е несватливо. Не можам да извлечам друг заклучок освен дека човекот е заостанат во времето и не ги следи тековите кои се случуваат и одат напред. Значи секогаш кога зборувам и нешто предлагам се трудам тоа да не биде глупо. Ако кажам дека сум за јавната и државната администрација, не можам да кажам сега дека тоа е партизирано, а судството е непартизирано. Не можам, затоа што едно со друго се коси. Ако сметам како единка или како политичка партија дека сите во оваа држава, што се однесува до администрацијата и тн. се партизирани, тогаш не можам да го издвојам судството. Како го обвинуваме господинот Прчевски како Јавен обвинител дека е партиска личност? Сите институции по таа логика можеме да ги направиме партиски. Од друга страна ајде да го отвориме проблемот и вака. Размислувал ли некој што значи стручни лица, кои со години работат во државната администрација, со самото тоа што учествуваат, а се професионалци во државните изборни комисии, се професионалци и за тоа земаат плата, размилил ли некој колку пари се заштедуваат со тоа што нема да даваме на секој член на избирачкиот одбор по 1000 денари и со тоа да ги купуваме на некој начин гласачите, затоа што најголемите гужви и најголемите проблеми се во избирачките одбори кога треба да делегирате двајца членови на секоја кутија. Тука се најголемите кавги, најголемите проблеми за секоја политичка партија. Колегите тоа добро го знаат. Тука се и лутењата, ако не ме ставиш на кутија нема да гласам за тебе, нема да правам вака или онака. Нема гаранција. Овде слушнав од пратениците на ДПМНЕ дека токму преку членовите во избирачките одбори од партиите на опозиција и позиција сами меѓу себе ќе се контролирале и тоа било гаранција за да имаме фер избори. Па ако е тоа гаранција, зошто ги прогласивте претседателските избори за нефер? Значи не е гаранција.

Ако веќе полемизираме од оваа говорница, дали господата од ДПМНЕ го прочитале членот 21? Во членот 21, кој според мене е добар член, има една работа која некој ја прескокнува или не сака да ја каже, не сака да ја види.Секој подносител на листа на кандидатите за избор на претседател на Република, пратеници и тн., да не ги читам сите, има право да определи претставник и негов заменик кои ќе ја следат работата на регионалната односно општинските изборни комисии и на избирачкиот одбор од отпочнувањето на изборите се до утврдување и објавување на резултатите. Значи имаат право да ја следат работата. Не завршува тука членот со следење, туку има и други права. Во ставот 3 се вели дека претставникот на подносителот на листата на седницата на регионална, односно општинска изборна комисија и тн., може да предупреди за неправилностите во нивната работа и доколку не биде прифатено, може да побара тоа да биде внесено во записник. Еве ви основ колеги за приговор, еве ви основ како тие

набљудувачи можат да влијаат односно да ја следат работата и ако имате сомнеж кон државната и јавната администрација. Значи повторно е задржано тоа право. Која беше разликата меѓу набљудувачите или членовите на избирачките одбори? Тоа што и тие имаат право да направат приговор, односно да стават забелешки на истиот записник и тоа се земаше како аргумент за приговор, жалба или тужвба. Истата работа е. Значи самата работа на професионализација на овие органи со присуство на едно вакво решение, навистина не гледам причина зошто би се сомневале во некого. Зошто? Освен ако не сакаме однапред да кажеме дека не знаеме како во континуитет да ги оправдуваме поразите па мора да најдеме алиби. Секое алиби е различно, па мораме и ова да го искористиме со некоја нова формула.

Според тоа ќе го повторам уште еднаш ставот на ВМРО-Народна партија во однос на составот на избирачките одбори, составот на изборните комисии, општински, регионални и државна, е за апсолутна професионализација на луѓе што се вработени во државната и јавната администрација. И пак ќе кажам, не заради тоа што така сака СДСМ, не заради тоа што не сака ДПМНЕ, туку заради тоа што ние така сакаме и заради тоа што најголемиот дел од експертите, оние што ја познаваат оваа проблематика и заради искуството на европските држави е така прокламирано. Што да ви правам, чекор сме пред вас. Не би сакал повеќе да го апсолвирам ова прашање.

Ќе кажам уште за делот на избирачките комисии, оној предлог, почитуван заменик на министер каде што е претседателот на Државната изборна комисија, прашање кое исто така предизвика огромно внимание за некого, за нас не, е кој треба да го предлага, како треба да го предлага, како да се избира и тн. Слушнавме многу формули, многу паметни глави, многу идеи, а јас ќе се задржам на она што овде го пишува. За нас како ВМРО-Народна партија не е прифатливо претседателот на државата да го именува - тоа е едното решение - него и неговиот заменик, од проста причина не заради тоа што ние велиме дека тој е граѓанин на Република Македонија, не заради тоа што така вели ДПМНЕ, туку заради тоа што и претседателот на државата согласно овој законик треба утре да излезе на избори. И токму тука е проблемот, човекот кој што си го ставил за преседател на Државната изборна комисија треба да го гласаме, можеби истиот, можеби некој друг, во старт правиме сомнеж. Тогаш можеме да се повикаме колеги од ДПМНЕ дека во старт се нерегуларни изборите, но зависно од резултатот.

Значи одредбата претседателот на државата да именува треба апсолутно да отпадне. Сега дали претседателот на државата треба да предлага, исто така сметам дека треба да отпадне, односно да не постои таква одредба затоа што тоа до сега го имавме и не помина таа формула затоа што нема голема разлика од предлага до именува, парламентарното мнозинство секогаш ќе го поддржи. Можеби не секогаш ќе го поддржи, но во најголем дел би го поддржал предлогот.

Нашиот став како треба да се предлага односно избира претседателот на Државната изборна комисија е тоа да оди на предлог на Комисијата за избори и именувања на Собранието на Република Македонија, а Собранието да го изгласа со двторетинско мнозинство. Сега оддеднаш слушам, и покрај тоа што тој став излезе од нас, и покрај тоа што тој став го кажавме на премиерот при таа лидерска средба меѓу ВМРО-Народна партија и премиерот и на некој начин ни беше прифатен, после два дена откако појде опозицијата на сликање со премиерот тој став отпадна и сега не ми е јасно за кој став станува збор. Деновиве слушам дека за власта е прифалив предлогот од страна на ДПМНЕ претседателот на Државната изборна комисија да биде предложен од опозицијата, ама мене сега не ми е јасно генерално која опозиција, затоа што слушнав од ваму или таму ако сме опозиција ние, ние треба да предложиме, според некого, или пак да напишеме во законот на предлог на ДПМНЕ, за да биде јасно, да не се искараме во опозицијата. Сега тука се отвора друг проблем. Значи прв проблем е кој од опозицијата ќе го предложи. Груевски ќе каже јас сум најголема опозиција, јас ќе го предложам, а ние ќе кажеме не е точно, по што си ти најголем: ниту по висина, ниту по број на пратенички места, по број на членовите не можете да утврдите . Другите партии што помали ќе кажат дека ги омаловажуваат, ако се помали по број на членови не значи дека немаат авторитет и субјективитет.

Тоа прашање навистина е отворено и треба да биде прецизно регулирано и ќе побараме од премиерот кога ќе биде тука, или кога ќе дојде законот во втора фаза да ни објасни за кој предлог станува збор. Тоа е едното прашање.

Второто прашање ќе биде кој ќе ја сноси одговорноста сега за тој човек, доколку не работи согласно законските одредби, доколку направи пропусти и тн., за што често обвинуваме со оглед на оние ингеренции кои му ги дава законот, или пак падне под политичко влијание. Кој ќе одговара за него? Опозицијата, најголема или најмала, не е битно, ќе каже тој е орган на власта, власта е одговорна за се. Власта ќе каже вие го предложивте, ваш предлог е, вие сте одговорни. Ќе се испотепаме кој е одговорен и на крајот ќе имаме резултати такви какви што сакаме да ги кажеме, нерегуларни зависно од резулатот, регуларни пак зависно од резултатот.

Заради тоа предлогот на ВМРО-Народна партија, повторно ќе кажам, е пред многу други, тука во Собранието ќе отвориме дебата. Имаме предлог на Комисијата за избори и именувања, зошто ја имаме ако не за тоа, со двотретинско гласање да се оди и завршивте работа, па сите да го уважиме тоа што овде ќе се изгласа. Замислете двотретинско мнозинство за избор на претседател на Државната изборна комисија е

исто како да менувате устав. Кога можете устав со двотретинско мнозинство да го почитуваме, дури и оние што не сакаат да го почитуваат, зошто да не го почитувате претседателот на Државната изборна комисија. Значи до таа инстанца се оди, само за да бидеме задоволени, или да бидат некои задоволени. Тоа е во однос на изборните органи и не би сакал повеќе да дискутирам за тоа прашање, навистина многу време одземав.

Сега почитувани колеги, прашање кое овде може би најмалку се спомна или можеби јас не слушнав, не се отвори прашањето на учеството на жените. Еве, јас прв, маж ќе спомнам за учество на жените на листите во изборните органи. Значи имаме новина, сега се предлага во изборните органи да учествуваат и 30% жени, најмалку, од двата пола кога се вели се мисли на жените. Сакам да кажам дека ВМРО-Народна партија го поддржува тој предлог и што се однесува до тој член каде што се зборува за состав на избирачките органи да имаат учество и двата пола најмалку 30%, еве, да бидам прецизен, но не го поддржуваме решението во членот 62 каде што се зборува дека секоја трета треба да биде жена, односно секое трето место ќе биде кандидат со помалку застапен пол. Прво, ако се каже помалку застапен пол е контрадикторно на она што претходно го кажав и после секоја трета , што значи не може да биде прва, што значи трета, шеста и тн. Сметам дека тоа не е рамноправен статус. Можеме и ние се залагаме, а тоа господинот Трендафилов подобро ќе го објасни за онакво решение какво што беше во Законот за локални избори. Значи, најмалку 30% со рамноправен распоред во листата на горниот дел, на долниот дел и тн., не ја знам точната формулација, не ми е тука, но од прилика се разбира. Значи, еве и тоа прашање да го затвориме што се однесува до ставот на ВМРО-Народна партија.

Прашање почитувани колеги кое за ВМРО-Народна партија предизвикува размислување кое ние го оспоруваме, тоа е членот 59. Во членот 59 се зборува кој има право да поднесе листа, односно кој е подносител на листа, па имаме листа за градоначалник од регистрираните политички партии, самостојно, две или повеќе парти и тн, што значи во превод дека секоја партија може да учествува самостојно или заедно во коалиција. Бидејќи во пракса нам ни се случуваат предизборни коалиции во континуитет една коалиција "За подобра Македонија", друга "За Македонија", "За најдобра Македонија" или не знам како. Ни се создаваат коалиции кои немаат врска програмски, значи секоја си има своја програма, а пред избори настапуваат како коалиции и некој да ве праша како граѓанин, секој ќе се збуни која е таа програма на таа коалиција затоа што секој зборува различно. Во ред е ако тие коалиции помеѓ се слични политички опции, и така и така да го голтнеме тоа, меѓутоа, во континуитет ни се случуваат коалиции наречени омнибус коалиции кои не само што немаат ништо заедничко, туку се тотално спротивни. Сега едната има една програма, друга партија има друга програма, заеднички излегуваат на избори со програми кои граѓанинот не може да ги разбере. Еве сликовит пример. Ќе го искористам присуството на господинот Љубисав Иванов Ѕинго, значи социјалистичка партија, наместо како што седи до Тито да биде поблиску до таа опција, тој е со ВМРО-ДПМНЕ и се спротивни како опции. Ние велиме браќа, тие велат другари и тн., значи имаме разлика во прифатот, значи во самата позиција. Како сега, со која програма - јас се извинувам господине Ѕинго што ве користам, меѓутоа, партијата ја спомнав, а има многу такви, не сте сами. Значи ислегуваме на избори со една програма, здружени во коалиција и на крајот нема да знаеме што сме ветиле, што сме напишале и за што да оствариме. Затоа е ваква Република Македонија овие четири години.

Не е ни СДС да го обвиниш. И тие направија некоја коалиција што веќе не знаат што ветиле, што треба да прават. Се им е измешано. Ако едните сакаат, другите не даваат итн.

Според тоа, ние велиме не можеме да го забраниме правото да се здружуваат политичките партии во иста коалиција. Но тие коалиции да имаат свое лого, да имаат свој печат, свој потпис, свој овластен претставник и да делуваат како една здружена политичка партија или не знам како да ја речам, како што во комунизмот можевме да речеме сложена организација на здружениот труд итн, за да излезат со една програма и да не ги лажат граѓаните. Затоа што е најлесно да имате алиби, кога во предизборна коалиција можете се и сешто да кажете, а да ја префлите вината на некој друг.

Кога бевме ние ВМРО-ДПМНЕ во 1998 година, направивме коалиција со Демократска алтернатива. Ние имавме една програма, господинот Тупурковски излезе со 2.000.000.000 и ние бевме збунете, а камо ли граѓаните. И се случи тоа штоо се случи. Затоа велам треба да имаме јасна позиција. И заради тоа нашиот став е, не повеќе вакви коалиции , туку да се знае со заверен потпис, лого итн. итн, став кој што сме го кажале и во стручната расправа во работната група и вчера на дебатната емисија , но и на премиерот во разговорите кои што ги имавме како политички претставници.

И сега некој ќе каже, ВМРО-Народна нема никакви забелешки, ВМРО-Народна прави она што ќе и каже СДС. Јас веќе не знам што повеќе забелешки да кажам. Сите што ги кажав немаат блага врска со сето она што СДСМ го кажува и не знам како не препишуваат таму. Вчера кажав и сега ќе повторам, почитуван министре, Влада, претставници на Влада, ова се нашите суштински забелешки од кои што нема да отстапиме како полтичка партија.

Не кажавме многу, можеби е тоа е за некого малку, но тоа е суштинско. Доколку во втората фаза не бидат прифатени, ние нема да го

подржиме. Тука ќе заврши прикаската. Не сега. Некој сега не обвини дека сме во коалиција со некого заради тоа што ќе сме го гласале овој закон сега. Па ајде, ви се молам, ова е прва фаза што треба да правиме? Да не го гласаме Предлогот? Дали тоа значи да го спречиме во старт?

Не. Ние ќе го подржиме. Причината, потребата од донесување ќе ја подржиме, затоа што е јасно дека ни треба изборен законик, затоа што некој друг тоа сака, затоа што граѓаните сакаат, затоа што сами сме констатирале дека не не бива, согласно старите закони да спроведеме демократски избори итн, низа причини.

По однос на избирачките списоци, морам уште еднаш да го кажам ставот на ВМРО-Народна партија, не се согласуваме со тоа да некои граѓани на Република Македонија. кои се наоѓаат на избирачкиот список ги означуваме со ѕвездички пред неговото име и презиме. Мислам дека тоа не е добро решение. Тоа е навредливо и за личноста, но не нуди ни пак никакво решение дека оние со ѕвездичка, таквите ливчиња не можеме да ги уфрлиме во кутија и не можеме да ги заокружиме. Не гледам причина зошто, ако веќе се издвојуваат на посебни листи, на посебни избирачки списоци оние кои се на отслужување на воениот рок, оние кои издржување казна затвор итн, зошто не би ги издвоиле и оние луѓе, граѓани на Република Македонија кои се напривремена работа во странство, односно надвор од Република Македонија. Така би имале многу појасен пристап и многу појасна слика.

ВМРО-Народна партија не е против да се овозможи правото и на нашите граѓани кои се на привремена работа во странство да имаат право да гласаат. Меѓутоа, го поставуваме прашањето дали со воведување на тоа право, сега, ќе ја оствариме целта или со тоа ќе овозможиме уште еднаш да се направи фалсификат? Затоа што прашање е од технички карактер, прашање што немаме јасна евиденција коллку од тие граѓани на Република Македонија, согласно податоците што ги има Министерството за внатрешни работи, колку за нив знаеме каде престојуваат, односно каде се отселени, а колку од нив не знаеме? Некои податоци зборуваат за околлу 50.000, за кои Министерството за внатрешни работи знае точна адреса, но 15.000 и повеќе, не знае.

Според тоа, од технички аспект, дали тоа може да се среди до изборите или не, дали може да се манипулира со тие 15.000 или не е проблем што, според нас, мислиме дека во овој период не може да се реши. Ќе треба многу работа. Па затоа ние велиме да наместо ѕвездичка, бидат на посебен избирачки список, а правото за спроведување избори и за граѓани кои се надвор од Република Македонија, во дипломатско конзуларните претставништва итн, па тука ќе се отвори прашањето дали секаде имаме такви претставништва, а имаме граѓани на Република Македонија. Според тоа, тоа да го оставиме за понатаму.

По однос на изборната кампања, како политичка партија ние го делиме ставот изборната кампања да трае 20 дена. Мислам дека тој тест го положивме по Законот за локални избори кога ги спроведувме локалните, кога се уверивме за сите дека 20 дена е доволно, затоа што граѓаните веќе многу добро не знаат. Ништо ново не се случува во Република Македонија што се однесува во смисла на политички програми или политички опции. Граѓаните доволно не знаат. Затоа сметам дека 20 дена е сосема доволен период да се претставивме пред граѓаните со она што, евентуално, можеме да понудиме како ново решение итн. итн. Така што алтернативата што ја предлага предлагачот од 30 дена мислам дека не треба да се прифати. Не само што мислам, туку тоа е наш став.

Почитувани колеги, почитуван заменик министре,

Во глобала, најмногу, суштински, забелешките што ги кажав се оние главни забелешки што како политичка партија, како пратеничка група ги имаме по овој текст на закон. А, доколку во втората фаза бидат прифатени или се понудат некои нови решенија, нормално ќе имаме ставови по тие работи. Тогаш ќе го кажеме конечниот став дали во таквата фаза ќе го подржиме или не. Сега, во оваа фаза, кога зборуваме за усвојување, односно гласање по однос на Предлогот за донесување на изборниот законик, ВМРО-Народна партија, нејзината пратеничка група ќе ја подржи оваа иницијатива, ќе дадеме зелено светло и ќе гласаме за. Заради тоа што сакаме да имаме, пред се, добра изборна регулатива, затоа што сакаме врз основа на таквата изборна регулатива да спроведеме, односно да учествуваме во фер и демократски избори. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџоски.

Со оние 20 минути од вчера вие го направивте рекордот за 2006 година.

Реплики има.

Господине Китаноски, повелете, прв сте за реплика на списокот.

**Илија Китаноски:** Прво, сакам да реплицирам на една небулоза или невистина што постјано се повторува од колегите од ВМРО-Народна партија, па сега и господинот Караџоски тоа го повтори, дека ВМРО-ДПМНЕ коалицирала со лицето Бранко Црвенковски. Мислам бесмислица е, ако веќе се занимаваме со политика и сме пратеници да кажете дека политичка партија коалицира со личност или со човек. Макар да таа и врши одредена функција во моментот. Се коалицира политичка партија со политичка партија, како вие фино си коалицирате како политичка партија со СДСМ, а некаде богами и со ДУИ, на локално ниво. Тоа е коалицирање.

Околу избирачките одбори, огромного инсистирање на СДСМ за вклучување на државната администрација, иако не е содржано како предлог во предложениот текст, ни дава за право да се сомневаме дека Владата подготвува

фалсификат на овие избори. А, пак, огромната подршка што ВМРО-Народна ја дава на СДСМ за оваа идеја ни дава, исто така, за право да се сомневаме дека и ВМРО-Народна е вклучена во овој обид за фалсификат. Тоа е јасно и треба искрено да се каже.

И, ќе повторам уште еднаш или ќе потретам, ако треба, партиите од власта најлесно можат да вршат притисок врз државната администрација. Зошто сме против вклучување? Најлесно, затоа што власта, партиите од власта, Владата им е работодавец. Знаете што може работодавачот на вработениот, на каков начин може да го притиска. И тоа е јасно и тука нема многу филозофија. Тој притисок врз нив е голем и како избирачи, а моежете да замислите што се и какви се закани ќе добиваат ако бидат членови на избирачките одбори.

И последно, како се утврдува која партија е поголема и согласно на тоа да даде претставници во избирачките одбори или во изборните органи? Само граѓаните тоа го утврдуваат и само на избори. И нема исто така некоја нова филозофија во тоа. Ако некоја партија на парламентарните избори не учествувала, еве локалните се тазе, учествувало и знаеме кој колкава подршка од граѓаните добил на овие избори, па по тоа може да изјави, со полно право, врз основа на факти дека е поголема, помала, врз основа на добиена подршка на граѓаните во Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега, вашата коалиција со господинот Бранко Црвенковски како институција на оваа држава ја воспоставивте уште во оној момент кога го избравте. Не треба да ве потсетувам дека ВМРО-ДПМНЕ благодарение на огромното излегување на избирачките места во ситуација кога не постоеше ни теоретска шанса да кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ победи во вториот круг, со оглед дека разликата беше преку 200.000 гласови, вие овозможивте да господинот Црвенковски добие цензус за да стане претседател. Таа коалиција и денеска си ја одрживате, како сакате наречете ја, но таа си ја спроведувате така како што сте се догориле. Тоа е една работа.

Друга, еве ви доказ дека тоа е така. Вашата телевизија, односно вашата платена телевизија СИТЕЛ, вестите таму личат на обланда, Бранко Црвенковски - Груевски, Бранко Црвенковски-Груевски, ниеден друг нема да слушните освен таа обланда, а за другото немам време, можеби ќе се јавам за збор уште еднаш.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, госпоѓа Бонева вашите три минути .

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе,

Почитуван колега Караџоски бидејќи вие самиот овде пред сите нас ја поставивте дилемата зошто се повеќе граѓаните во државата, дури и медиумите зборуваат дека сте во коалиција со СДСМ. Јас сакам да ви појаснам зошто е тоа така.

Ќе ја земам пример само оваа дебата по изборниот законик. 90% од вашите дискусии и 90% од дискусиите на СДСМ не се за изборниот законик туку се усмерени против ВМРО-ДПМНЕ. Координаторот Јани Макрадули на СДСМ зборуваше во овој Парламент. . .

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, ве молам не инволвирајте некои силуети кои што не се ни спомнати, реплицирајте на тоа што господинот Караџоски кажа.

**Силвана Бонева:** Ве молам почитуван претседателе ми земате минута.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, не реплицирате, видете. . .

**Силвана Бонева:** Па, цело време господинот Караџоски спомнуваше нешто што не е вистина, вие му дозволувавте да зборува. Јас само зборувам што се случуваше во овој Парламент.

**Љупчо Јордановски:** Вие не можете да зборувате за господинот Јани Макрадули и за неговата расправа што беше вчера. Зборувајте за расправата и дискусијата на господинот Караџоски.

**Силвана Бонева:** Може да ме оставите да завршам?

**Љупчо Јордановски:** Воопшто не можам да ве оставам да завршите кога спомнувате нешто што воопшто не е спомнато во говорот на Караџоски.

Повелете, имате од мене бонус уште една минута.

**Силвана Бонева:** Координаторот на СДСМ беше ваш потпарол ,оправдувајќи го вашиот чекор зошто сте ја напуштиле ВМРО-ДПМНЕ.

Понатаму, нели мислите дека е необично за една партија што себе се смета дека е партија во опозиција, како што е Народна, заедно со СДСМ главна цел да им биде една друга опозициска партија, а тоа е ВМРО-ДПМНЕ? Значи, главна цел за напади да им биде опозициска партија, а и вие сте нели опозициска партија.

Речиси до вчера во овој Парламент, вие како пратеници на ВМРО-Народна зборувавте за партизација на државната администрација, за бркањето на сите државни службеници кои не мислат исто со власта за огромната тортура што се прави врз овие луѓе, а од како господинот Бучковски кажа дека државната администрација не е партизирана и таа ќе биде вклучена во избирачките органи, станавте поголем католик и од Папата. Па, со денови овде зборувате како државната администрација не е партизирана, како е најдобро таа да биде вклучена во изборите, нешто сосема дијаметрално спротивно од тоа што го зборувавте претходните три години.

Дури, слушнавме од вас дека обично велите-кога губиме глумиме дека изборните органи работат како што не треба. Се погазивте самиот себе, почитуван колега и сите ваши искажани ставови во последните 3 години. . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Караџаско, имате една минута да одговорите, повелете.

**Жарко Караџоски:** Почитувана колешке, јас ќе ве прашам вака, знаете ли вие воопшто што е опозиција? Опозиција, по дефиниција значи оној кој претендира да дојде на власт утре и да ја смени онаа што е сега на власт. Тоа е опозиција. Опозиција, почитувана колешке не значи дека сите треба да мислат со главата на Груевски. Опозиција значи и оној кој има своја глава, па мисли со неа.

Не е опозиција само една глава да мисли за сите. Според тоа, вашата теза што сакате да ја пласирате пред граѓаните дека сме ние во коалиција со СДСМ или со ДУИ или со не знам кој е страшно погрешна. Ние, ви кажувам јасно и гласно со никого не сме во коалиција, па ниту со вас. Ние сме сами и сами бевме на локалните избори, ќе одиме сами и на парламентарните избори.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Иванов, имате три минути, повелете.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Општо е познато дека ВМРО и ВМРО-ците произлегоа од Социјалистичката партија. Тие се наши деца. Ние не се откажуваме од тоа тактковство. Е сега, има случаи некој да заталка. Ама, тоа не значи дека ако заталкале, ќе се откажеме. Туку ќе си ги вратиме пак во стадото.

Гоце Делчев, Даме Груев, Никола Карев и да не набројувам илјадници и илјадници кои беа главни носители на движењето за ослободување на Македонија, без број пати кажаа дека се социјалисти.

Па, ако е тоа така, секој кој останува на тие основи , и на таа база што значи Внатрешна македонска револуционерна организација, без оглед на кој додаток, додавка итн, ние ги сметаме социјалистите како свои чеда. Па, и Караџоски, кој во еден момент, еве, скршнал од тие патишта, јас би сакал по еден мирен пат, во личен разговор да си го приберам во стадото. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине Ѕинго или другар,

Ако ВМРО навистина произлегува од социјалистичката партија тогаш по таа дефиниција ВМРО-ДПМНЕ денеска, со оглед дека сте заедно во коалиција можеме да го крстиме ВМРО-Социјалистичка.

Меѓутоа, ако е така како што тврдите, лидер на таа коалиција треба да бидете вие, а не да го пуштате детето пред таткото.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Интересно беше, во секој случај.

Госпоѓице Грковска имате збор, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитуван заменик министре. Велат дека најдобар начин да ја предвидите иднината е сами да ја креирате. Меѓутоа се прашувам дали и колку сме свесни кога дискутираме и за овој закон дека ја креираме нашата иднина. Во текот на овие неколку дена добивам впечаток дека не сме сите свесни за последиците на она што ќе го кажеме или за она за што се залагаме. Дека прелесно даваме одредени квалификации или одредени предлози тргнувајќи од тесно партиски интереси. Трагедијата е што најмалку вакви дискусии ни се потребни во овој момент, затоа што ако за нешто можеме да кажеме дека во мементов имаме концензус од сите политички парти, барем декларативна, тогаш тоа е сигурно зачленувањето на Република Македонија во Европската унија и НАТО. Иако е тоа така, иако еден од клучните услови за исполнување на овие национални интереси е спроведување на фер и демократски парламентерни избори на кој што предходи овој изборен законик. Иако пред првата препорака на ОБСЕ и ОДИХР е донесување на нов изборен законик кој што ќе овозможи хармонизирање и консолидирање на сите важни закони кои досега се употребуваат во различни видови на закони, тогаш сметам дека не ни е дозволено ниту најмала несериозност, ниту пак било каква импровизација.

За разлика од господинот Караџоски, јас на почеток ќе почнам со едно од прашањата, кое што бев убедена дека ќе предизвика одредени несогласувања, особено заради традиционалниот начин и заради менталитетот кој што е во Република Македонија, а кој се однесува на прашањето на жените. Апсолутно го поддржувам предлогот во сите изборни органи да се зголеми присуството на жената или рамноправно учество на обата пола, со оглед на тоа што и извештајот на ОБСЕ и ОДИХР укажува на тоа дека во избирачките одбори во кои имало присуство на жени, шанските за појава на неправилности биле помали. И сакале да прифатите или не жените секогаш се однесувале и поодговорно и порешително во одредени сегменти, не само во овој, па една од препораките на ОБСЕ е токму таа. И, токму заради тоа учеството на жените во сите нивоа на органите за спроведување на изборите да биде значително унапредено. Меѓутоа, за разлика од господинот Караџоски, јас го поддржувам силно членот 63 став 3 во кој се вели дека во поднесената листа на кандидати за пратеници и за членови на советот и во општините и во градот Скопје, на секое место ќе биде кандидат од помалку застапениот пол. Не се согласувам дека ова го исклучува носителот на листата. Ако се случи носителот на листата да е, да речеме, жена, тогаш секое трето место наредното трето. Значи, ќе имаме прво, четврто итн. Тоа е

потполно погрешно толкување на овој член кој што не е сериозен аргумент за непостоењето на ваква одредба, исто како што не беа сериозни ниту едни аргументи што во досегашната неколкудневна расправа беа искажани и за овој член, меѓутоа и за учеството на жените во сите изборни органи.

Едно од прашањата, исто така, е изборниот модел за кој што сметав дека барем меѓу политичките партии кои што досега се на политичката сцена дека е апсолвирано прашање, со оглед на тоа што сме имале можност да направиме разлика помеѓу предностите што ги има мнозинскиот дел и помеѓу предностите што ги има пропорционалниот модел. Впрочем, доколку не констатиравме како политички партии дека мнозинскиот модел е тој што не ги задоволува таквите стандарди, сигурно немаше да се усогласиме за измена на тој модел. Меѓутоа, факт е дека изборниот модел, мнозинскиот изборен модел, особено во вториот круг даваше можност за низа неправилности и оние кои учествуваа во изборите сега или кои што евентуално ги набљудувале изборите, без разлика од која позиција, дали како учесници, дали како граѓани, се сведоци дека најголемите неправилности се одвиваа во вториот круг на мнозинските избори.

Тврдењата дека пропорционалниот модел ги направи пратениците партиски послушници се многу опасни, а ниту пак се поткрепени со некаква сериозна аргументација и во оваа смисла најчесто се зема примерот на Велика Британија. Меѓутоа, треба да знаеме дека во Велика Британија исто така постои нешто што се вика став на пратеничка група, преведено во наши услови кога треба пратениците да се изјаснуваат за или против излегуваат од различни врати, иако ставот на пратеничката група е за некое прашање, координаторот на пратеничката група, пак повторувам преведено во наши услови, бидејќи таму се вика поинаку, стои на спротивната врата во случај на проверка или во случај да не дозволи од неговите пратеници да гласа спротивно од ставот на пратеничката група. Значи, треба ако користиме аргументи, да не ги користиме паушално или погрешно, туку да ги гледаме онакви какви што се.

Државната изборна комисија во Велика Британија е потполно професионализирана, почнувајќи од претседателот, па до членовите на избирачкиот одбор. Државната изборна комисија врши тренинг врз членовите на избирачкиот одбор и тука никој не се меша во нивниот избор и во начинот на спроведување. Членовите на избирачкиот одбор се професионалци, а не се партиски членови, дури и е забрането да бидат партиски членови почнувајќи од за сите нивоа на изборни органи.

Зошто судии професионалци? Или обратно. Сега ќе зборувам од искуство. Јас ќе дадам барем еден пример зошто судија не треба да биде претседател на општинска изборна комисија и тоа е судиката на општинската изброна комисија во Гази Баба која што наназад неколку избори ги водеше и беше претседател на таа комисија. На локалните избори 2000 година кога за прв пат се случуја во оваа општина насилства, кршење на кутии, кинење на ливчиња, меѓународнит преставник пред кој се случи таква работа, беше дојден во општинската изборна комисија да даде изјава и да реагира на ваквото случување. Судијката одби да го прими и да го сослуша, наводно затоа што тоа не била нејзина надлежност, што е преседант. Да не навлегувам во други детали и квалификации, за тоа ќе зборувам понатаму. Меѓутоа, сметам дека изборниот модел не може да ни биде аргумент за тоа дали изборите ќе бидат фер или не. Не може да ни биде аргумент за изборните резултати, затоа што во крајна линија ваквиот изборен модел овозможи за прв пат некои припадници од заедниците да добијат свои претставници во Парламентарниот дом, благодарение на политиката на одредени политички партии и затади тоа што една од препораките на ОБСЕ и на ОДИХР е дека политичките партии не треба да имаат никаква функција номинирањето или назначувањето на изборните органи, бидејќи изборот на судии од страна на политичките партии е поткупуван и независноста на судството. И сега, значи се наоѓаме во една чудна ситуација. Кога од една страна велиме дека имаме партизирани судии, дека треба да правиме реформа на судството, а од друга страна упорно инсистираме судиите да бидат дел од изборните органи. Јас ве прашувам кој ќе го прави тој избор на судии. Каков механизам предлагате да не добијат судиите таква етикета каква што добиваат до сега. Ако одиме по таа логика тогаш би требало да кажам за судиката во општинската изборна комисија во Гази Баба дека сигурно е партизирана или е член на ВМРО ДПМНЕ со оглед на тоа што се однесувала чудно, особено за време на претседателските избори 1999 и на локалните избори 2000 година. Меѓутоа, би било пренесериозно од моја страна да го направам тоа. И, токму затоа ако веќе сите се залагаме за независно судство, тогаш треба да ги изолираме судиите од сите можности, од сите претпоставки кои би можеле на нив да им залепат етикета на партизација и да ги деполитизираме.

Сега ќе зборувам како од лично искуство и учесник на сите избори до сега, почнувајќи од привите повеќе партиски избори и како контролор и како член на избирачки одбор и како кандидат. Ме чуди тоа што некои пратеници во своите дискусии се однесуваат како никогаш да не биле дел од изборниот процес и не само тоа, како воопшто да не живееле во Македонија и како да не биле сведоци на тоа што се случувало до сега. Факт е дека насилството на изборите е иновација на денешната опозиција. Почнувајќи од 1999 година и после тие избори вашите членови се фалеа дека ја нашле формулата за тоа како 50 години да останете на власт. И, тогаш не го земав тоа толку сериозно, затади тоа што сметав дека е еуфорична изјава во тој момент на каква

таква победничка коалиција на тие избори, меѓутоа сериозно се загрижив кога истото се повтори на ликалните избори во 2000 година. На локалните избори 2000 година на местата каде што тогашната власт процени дека ќе ги изгуби изборите ја примени техниката прв пат на кршење на кутии, кинење на ливчиња, претење и заплашување на членовите на избирачките одбори, меѓутоа и на политичките претставници. Заради ваквото однесување почина еден член на избирачкиот одбор. Меѓутоа, вие не го казнивте, не ги казнивте вашите членови што го направија тоа. Напротив, такво нешто се случи во Гази Баба и вие ги унапредивте со тоа што ги вработивте во општината. Јас бев тогаш одговорна за 62 во мојата партија и ваши членови ми претеа пред избирачкото место. Истите тие добија вработување во општината после тоа заради заслуга, претпоставувам. Значи, за тоа зборуваме овие денови. Не заради тоа што некој ќе не нарече дека сме опседнати со ВМРО ДПМНЕ, туку затоа што знаеме со кого си имаме работа. Затоа што ВМРО ДПМНЕ не направи ништо да ги санкционира таквите пропусти, да ги казни таквите свои членови. И, тоа што со овој закон се предвидува е добро. Добро е што предвидува казни, огромни казни за ваквите членови, меѓутоа исто така предвидува една многу важна работа, а тоа е таквите луѓе никогаш повеќе да не бидат дел од изборни органи, почнуваајќи од избирачо органи, па до Државната изборна комисија. Значи, она што е опасно е тоа што најголемите злоупотреби и неправилности се случуваат на терен. Прашање е како да го контролирате тоа. Тоа не може законот да го уреди во детали сигурно. Она што иде во прилог на таквото однесување на терен е сигурно несериозното однесување и несериозните изјави од страна на некои лидери. Многу е опасна тезата и создавањето на амбиент од страна на господинот Груевски и од страна на ВМРО ДПМНЕ како сигурен премиер, како сигурни победници и тоа опасна не за СДСМ, опасна за Македонија. Затоа што, ако имаме предвид какво е значењето на овие избори, ние не смееме, никој од нас не смее да си дозволи такво однесување, а не некој што претендира да биде лидер на опозицијата или лидер на најголемата опозициона партија. Меѓутоа, она што и вчера го слушнав сигурно не иде во насока на наоѓање на решение или на создавање на клима во која што ќе се извршат фер и демократски парламентарни избори. Ако идете со исклучиви барања, ако оставите белег во јавноста дека или ќе биде онака како што бара ВМРО ДПМНЕ или ќе има фалсификат избори, тогаш сигурно не влијаете како политичка партија за создавање на клима за фер и демократски избори. Опозиција не значи само претендирање на власт. Опозиција не значи само амблок отфрлање на сите предлози што ќе дојдат од страна на позицијата. Опозиција значи многу повеќе. Има нешто што се вика конструктивна опозиција. И, ако опозицијата или ВМРО ДПМНЕ вели дека е национален интерес нашето зачленување во Европската унија и НАТО, тогаш сигурно со ваквите изјави не дава придонес за такво нешто. Сигурно не дава придонес за фер и демократски избори.

Еве да launched речеме да ги прифатиме сите забелешки на ВМРО ДПМНЕ и да изгубат на избори, кој ќе биде виновен тогаш, повторно ли вината ќе ја бараат во некој друг. Толку ли е страшно да се изгубат избори, па господинот Груевски се труди уште сега да си создаде алиби дека мора некој друг да биде виновен за изборниот резултат, доколку не е поволен за нив. Истото вакво однесување беше пред претседателските избори, крајно несериозен потег. Тоа ли е подобрата варијанта на која што треба да игра Македонија. Тоа ли е подобриот пристап и кон извршување на обврските што ги имаме како држава во спроведување на реформите. Сигурно не.

Треба да бидеме свесни дека главната едукација во суштина треба да почне од политичката елита, како што е на пример лидерот на ВМРО ДПМНЕ. Зато што, политичката елита е таа што го контролира членството и неговото однесување. Ако имаме вакво несериозно однесување и вакви несериозни изјави од страна на лидерот на ВМРО ДПМНЕ, како можеме да очекуваме сериозно однесување на нивните членови на претстојните избори.

Има една опасна теза, која што исто така овие денови се кажуваше од страна на некои пратеници дека не може да биде државната администрација дел од избирачките одбори, заради тоа што била партизирана и дека е добро да останат политичките партии во избирачките одбори за да се контролираат меѓу себе се додека не дојдеме до професионална државна администрација.

Меѓутоа, овој закон предвидува политичките претставници да бидат присутни и на избирачките одбори. Значи, тоа е аргумент што паѓа во вода веднаш и тие политички претставнци имаат одредени права во текот на изборниот процес кои што се исто така регулирани со законот и кои што практички ги минираат сите аргументи кои што одат во прилог на тоа дека треба да останат избирачките одбори во овој состав.

Една од најопасните тези која што овие денови исто така беше презентирана е тоа дека државната администрација е партизирана. Меѓутоа не се кажува од кого? Нас ни е познато дека 2000-та година бројот на јавната администрација броеше 90 илјади, а во 2002 година броеше 120 илјади. Значи, ВМРО-ДПМНЕ успеало во рок од две години да ја зголеми јавната администрација за 30 илјади и покрај обврската да ја намали јавната администрација. Значи ли тоа дека ВМРО-ДПМНЕ направило партизација на државната и јавната администрација во тој случај, значи ли согласноста за вработувања на 248 вработувања во основното и средното образование и тоа дадени со име и со презиме на 28 август 2002

година од господинот Груевски и господинот Ненад Новковски дека се чисто партиски членови тогаш. А тоа е преседан да дадете согласност со име и со презиме, наместо согласност за распишување на конкурс. Еве да речеме да ги ставиме нив во избирачките одбори, тие што ги вработиле ВМРО-ДПМНЕ во тој период да ги ставиме нив во избирачките одбори и дали ќе бидат задоволни тогаш? Дали ќе сметаат тогаш дека тоа ќе биде гарант за успешни фер и демократски избори. И што ќе се случи ако и во тој случај ДПМНЕ ги изгуби изборите. Тогаш кој ќе биде виновен? Повторно некој друг по познатиот синдром. Никој не може 100% да ги обезбеди избирачките одбори, никој не може 100% да спречи злоупотреби на тоа што би можело да се случи во текот на изборниот процес. Меѓутоа, тоа што може да се обезбеди и функционирање на контролните механизми, функционирање на казните, ригорозни казни за оние кои што се дел од овој процес и влијаење и едукација на сите учесници во изборниот процес и на граѓаните за тоа како треба да се однесуваат на изборите, значи, прво, на нашите партиски членови што е тоа што ќе го пропише законот, што е тоа што ќе не однесе во Европа.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Аднан Ќахил.

**Аднан Ќахил:** Почитуван потпретседател, почитуван заменик министер, почитувани пратеници. Денеска имаме Предлог за донесување на изборен законик, по мене многу важен документ. Ќе ги повторам моите ставови кои ги кажав и на Комисијата за политички систем по однос на ова прашање. Сметам дека овој закон бидејќи е важен требаше ние во овој парламентарен состав уште во 2002 година кога се конституира овој парламентарен состав, а и на предлог на позицијата, значи власта, а можеби и порано, но да кажеме дека тогаш имаше промени да почнеме со разработката, со предлогот на овој закон во тие четири години да донесеме еден конзистентен закон во однос на изборите. И се случува она што се случува секоја година, или пред избори ако е таа изборна година носиме изборен закон кој очигледно е компилација на многу решенија изнудени, наметнати и едноставно треба да ги донесеме со образложение дека едноставно треба да имаме ние избори во 2006 година, или 2010 година. Вака конципирана политика мислам дека не е во ред. Ние треба да имаме еден изборен законик на кој треба да работиме долго време и едноставно да дојдеме во ситуација можеби овој состав требаше да го направиме тоа и тој изборен законик да важи еднаш засекогаш долго време каде што ќе биде прифатливо за сите политички опции во Република Македонија. Тоа не е сторено и сведоци сме дека се стави некое ад хок решение што нужно мораме, апсолутно мораме да го донесеме овој закон, бидејќи без овој закон не ќе имаме избори во Република Македонија. Тоа е мојот став дека тоа сме требале да го направиме до сега, но во иднина да размислиме, значи политичкото миле во Република Македонија да размисли како ќе работи во иднина да ги сослуша мислењата на сите партии, сите граѓани, сите организации, владини и невладини организации во Република Македонија да донесеме закон кој ќе биде прифатлив, бидејќи тоа е столб на демократијата. Но, тоа не е сторено. И во тој контекст ќе кажам, можеби немаше да дискутирам, но јас како пратеник од Партијата за Движење на Турците во Република Македонија која е во коалиција со Земјоделската партија, морам да ги искажам моите ставови, затоа што господинот Владо Бучковски, премиерот не најде за сходно една политичка партија, макар да брои еден член да го викне на консултации, сметајќи дека таа политичка партија нема што да каже, тој Аднан Ќахил пратеник на Партијата за движење на Турците во Македонија нема што да каже, бидејќи СДСМ и владеачката гарнитура се многу големи и едноставно можат да занемарат една политичка партија која е присутна. Сепак, има што да каже, затоа ќе кажам од оваа говорница што не сакаше тет а тет да го слушне господинот премиер.

Но, една работа морам да ви кажам. Ние сме на прагот на влезот во ЕУ, велам прагот, сигурно тој праг можеби ќе трае и десетина години тој процес, но сме на прагот и добро е што почнуваме во тој процес. Но, во тој процес нема мали и големи партии, нема мали и големи народи, нема големи и мали луѓе, има граѓани на соодветна држава и тие така треба да се третираат. Но, очигледно внатре во Македонија тој третман изостанува, а бараме надвор од Македонија, Македонија во рамки на Европа колку да е мала да бидеме соодветно третирани. И добро е што бараме така да бидеме соодветно третирани. Јас само ќе го потсетам премиерот дека можеби и владеачката гарнитура и било која партија вклучително и СДСМ многу е голема во однос на другите мали партии во Републука Македонија. Но, сигурно е мала во тој сооднос во рамки на Европа и во светот каде што тие лидери на тие партии, или држави едноставно ги примаат егал како еднакви на себе и дискутираат еднакви партии, без разлика на нивната големина. Тоа е демократија, тоа е принцип. Или пак не е така па нам ни се сервира сосема друга слика, тоа треба да се елаборира на соодветно место. Но, пак ќе повторам, мислам дека е погрешна тезата, погрешен настапот на премиерот, а погрешен ако размислуваат и други партии дека не треба да се зборува со помали партии вклучени, а уште повеќе кои не се вклучени во парламентарното работење да размислат како треба да се креира закон кој впрочем сите нас не тангира, или ќе не тангира во наредниот период. Затоа сметам и ќе кажам неколку работи во врска со законот. Ќе се задржан на она што нам Турците, т.е членовите, и симпатизерите на оваа партија ни е најважно во овој момент. И се надевам дека овој мој говор, ова мое размислување ќе допре до релевантните раководители на оваа партиска гарнитура во Република Македонија.

Ќе почнам од премисата што ја кажав често пати и мислам дека е погрешно дека треба да се деполитизираат, или департизираат изборите. Мислам дека изборите се партизирани и политизирани и тука нема што повеќе да се бара. Едноставно изборите се политички чин. А друго е прашањето дали треба да се департиираат некои органи кои во име на тие граѓани на Република Македонија ќе ја водат постапката, тоа е друго прашање. Но, очигледно не е проблемот во начинот на кој ние ги избираме органите. Проблемот во Република Македонија е во почитувањето и ценењето и спроведувањето на законите кои ги имаме. Ние сме сведоци во изминатиот период во транзицијата од 15 години многу добри закони, ќе кажам европски закони не се спроведуваат, не се применуват, неприменливи се. А и законите во изборната регулатива исто така не се применливи. Често пати сме сведоци на укажувања на меѓународната јавност и на Европските комисии дека во дадени места имаме кршење на кутии, во дадени места имме реакции кои не се соодвени на парламентарната демократија, во дадени региони имаме упад во системи на гласање, ама апсолутно до ден денеска немаме луѓе кои одгобварале, немаме судски процеси, немаме систем кој што едноставно врз основа на закнот тие луѓе би требало да одговараат за своите постапки. И сега сето тоа поминало и доаѓаме во ситуација како да е денеска пресвртница и од денеска почнува се, од денеска почнува историјата и од денеска, или од утре едноставно се ќе заборавиме и ќе направиме најдемократски и најдобри избори. Мислам дека нема човек особено обичниот граѓанин кој не посакува да има најдемократски избори во Република Македонија. Но, за да имаме демократски избори не е доволно да создадеме амбиент со оваа законска регулатива, не е доволно да создадеме амбиент за избори, туку требаше и бевме обврзани сите влади до сега да создадеме амбиент, економски амбиент во Република Македонија. Во оној момент кога ќе создадеме економски амбиент во Република Македонија ние ќе имаме сигурно избори кои едноставно ќе бидат многу помалку интересни за граѓаните, бидејќи тие не ќе имаат време, можност да се занимаваат со политика и со тоа што ние им го сервираме преку медиуми на соодветен начин. Економскиот елемент е најбитен, во таа смисла луѓето да бидат ангажирани, да имаат верба, да имаат доверба во оваа држава. Верувајте, довербата во оваа држава се помалку ја добиваме ние од граѓаните, без разлика дали ќе правмие такви, или онакви избори, изборите треба да бидат плод на една конзистентна економска и друга политика, но таква политика ние немаме. Но, сепак, тоа што е тука е, ние не можеме да бегаме од реалноста Се надевам дела со текот на времето ќе созрее размислувањето на сите политичари, без разлика дали се позиција, или опозиција, раковители, дека треба да се создаде еконоски амбиент, бидејќи економскиот амбиент е предуслов за се што после доаѓа. Без економски амбиент, можеме да имаме идеални избори, може да имаме идеални закони за избори, верувајте ќе имаме многу, многу нерегуларности, бидејќи залогот и она што очекуваат некои групи и групации ќе биде преголем во однос на она што треба да се добие.

Неколку работи не би сакал да елаборирам во однос на членовите, многу работи се кажани, да не се повторувам. Но, ќе го искажам мојот став во однос на судиите што има две алтернативи, дали судиите да бидат вклучени во изборниот процес, или не, или дали треба јавната администрација да биде вклучена во изборниот процес. Идејата да се вклучи јавната администрација во изборниот процес не е во принцип лоша идеја. Но, мислам дека во овој момент дека тоа не е остварливо. И затоа ќе се навратам дека требаше да направиме регулатива која ќе почнеше од 2002 година, и ако сакаме да ја инволвираме јавната администрација, треба да се направи селекции, да се обучи, таа јавна администрација да биде во тој правец дека треба да спроведе и да го донесе до крај изборниот систем и начинот на избирање на пратеници и тн., но тоа не е направено. И во момент кога треба ние на прагот на изборите да дојдеме и да ја инволвираме јавната администрација која сепак во однос на изборите не е обучена и не ќе најдете вие толку голем број луѓе за да бидат едноставно од јавната администрација, мислам дека барем за овој период тоа не е остварливо. Затоа мислам дека останува идејата и предложеното решение дека судиите сепак поради нивниот бекграунд, поради тоа што сметам дека судиите сепак се повешти, подобро ја знаат правната проблематика во однос на тоа сепак без разлика што меѓународните институции укажуваат дека судството е доста корумпирано, сметам дека меѓу судиите има многу чесни луѓе, добри луѓе, стручни луѓе кои можат и те како да го водат изборниот процес неутрално и едноставно да имаме добри и фер избори. Мислам дека елиминирањето на судиите во овој процес во оваа фаза и во овој степен на развиток на демократијата, мислам дека не е добро за Македонија,. А можеби како размисла во иднина институцијата избори да се најде начин каде што јавната администрација да се инволвира, но со определен план и програма. Тоа засега го немаме и мислам дека тоа треба да се направи како што си беше досега со инволвирање на судиите, а можеби во регионалните и општинските изборни единици да се уфрлат по потреба и луѓе кои едноставно не се партиски од јавната администрација, тоа сигурно ќе ги најдеме со договор со позиција и опозиција да можат едноставно, да имаме линк за идните избори за да можат и тие да бидат вклучени во поголем број и во општинските и во регионалните изборни комисии и во Државната изборна комсија.

Во однос на претседател на ДИК ја поддржувам идејата дека опозицијата треба да предложи да биде претседател на ДИК од опозицијата. Но,

сигурно тој предлог треба да биде во консултација со позицијата и со другите релевантни чинители од Парламентот. Сепак, Парламентот од 120 пратеници се луѓе делегирани од народот. Без консултации, без консензус на сите партии не би требало да се избира претседател на ДИК. Мислам дека во тој правец условите дали тој бил, или не бил партиски припадник, дали во минатото работел, или не работел, ако биде прифатлив за сите пратеници и сите политички партии, мислам дека ако застанеме сите зад него нема да се постави никогаш прашањето дали тој бил од оваа партија, или онаа партија. Едноставно ќе биде прифатлив и ќе си ги сноси и позитивните и негативните консеквенции од неговата работа во однос на изборниот процес.

Доаѓаме во ситуација што треба да се истакне една работа, а тоа се однесува на листите, на избирачките листи. Мислам дека време е да се исчистат тие листи, без разлика дали навистина постои вишок од 100, 150 и 200 илјади фантомски избирачи, или не. Треба ДИК со соодветен состав, или Министерството за правда еднаш засекогаш да ја расчистат дилемата што постои во јавноста, дали навистина тоа постои, не постои. Бидејќи еве и денеска читав по весниците дека такво сомневање има и Ерван Фуере, дека таквите луѓе постојат. Верувајте не знам во што да верувам, дали е тоа вистина, или не. Не би сакал да верувам дека тоа е вистина. Но, мислам дека имаме право и обврска спрема граѓаните да им ја дадеме таа информација дека во Република Македонија на избирачкиот список има толку и толку членови и дека тие се со соодветен матичен број и дека еден човек и еден глас. До сега верувајте такво нешто ни се случуваше, бидејќи имам примери, на локалните избори во Скопје во Општина Чаир во маалото каде што живеам јас, мојот покоен чичко гласаше, а да не кажувам и за други места дека се случуваше таа работа. За да не се случуваат такви работи би требало тоа да се исчисти, заради демократијата, заради тој процес што велиме интеграција во Европска унија и да го направиме тоа, да го направиме сите заедно.

На крај би дошол до моделот како ќе се направат изборите. Овде се зборуваше за разни модели, се предлагаа разни модели. Но, пак ќе повторам немав можност тет а тет со премиерот да му ги кажам моите размислувања, размислувањата на нашата партија во однос на моделот и морам тоа од оваа говорница да го кажам, веројатно ќе допре до него и да видиме кои ќе бидат резултатите од тоа.

Ние сметаме дека Турците во Република Македонија се дисперзирани низ цела Македонија, никаде не живеат концентрирано, бројот на Турците е таков каков што е, помалку или повеќе, имаме хендикеп во однос на бројноста кај другите партии. Накратко, сметам дека овој модел со 6 изборни единици не оди во прилог на турската заедница, турската заедница со овој модел губи. Ако Македонија би била една изборна единица, да нема долен праг како што е сега, во тој случај Турците би гласале за своите претставници. Но, морам да потенцирам дека ние не бараме гарантирани места во Парламентот. Ние бараме само услови подеднакво да се тркаме со другите партии, па да видиме, ако на Турците, на граѓаните на Република Македонија понудиме добра програма, ако партијата за Движење на Турците на Македонија понуди добра програма, ќе избере 1,2 или 3 пратеници, ако не понуди добра програма, ако лидерот не е добар, ако партијата не е добра, едноставно ќе остане без ниеден пратеник, или пак ќе направи соодветни коалиции кои во изборниот систем да можат да ги репертуираат своите барања. Јас пак ќе повторам, во оваа трка ние не бараме предност, бараме можност за да се тркаме под еднакви услови. Засега, со овој изборен модел ние немаме еднаква стартна позиција со поголемите партии. Тоа се факти, бидејќи во една изборна единица, на пример како што е изборна единица 1, изборна единица 2, во втората изборна единица имаме околу 9 илјади гласа, во изборната единица 1 , 5 илјади гласачи па и да сакаме не можеме да избереме пратеник. Но, кога би била една изборна единица, барем теоретски би можеле да се надеваме на тие гласови. Мислам дека Владата, сегашна а и некоја идна влада има обврска да ги види овие потреби на граѓаните. Турците во Република Македонија се граѓани на Македонија, лојални граѓани. Ние сме тука, постоиме и сакаме да имаме свои претставници. Можеби во даден момент на развој на демократијата и Турците во Република Македонија нема да гласаат за национални партии, ќе гласаат за идеолошки партии. Но, додека стигнеме до тоа, а сме сведоци дека националните партии ги има доста, дајте да направиме еден систем каде сите граѓани ќе бидат еднакво вреднувани, ќе имаат еднаква стартна позиција, еднаква можност за трка а дали ќе добијат или не, тоа е одговорност на партиите, вклучително и мојата партија, одговорност на луѓето кои ја водат таа партија. Но, верувајте во овој момент ние како што го имаме овој систем не можеме да прифатиме да имаме 6 изборни единици. 6-те изборни единици прават одлевање на гласовите на Турците на други места, а една изборна единица сигурно ќе доведе до консолидација на гласачкото тело на Турците во Република Македонија и едноставно тие ќе имаат можност да го понудат својот глас, а ќе имаат можност и другите партии, 1, 2 или 3 и независни листи, да го побараат гласот од турците во Република Македонија, еднакво, како што ќе бараат другите партии, идеолошки, национални, во рамките на политичкото милје во Република Македонија. Во оваа ситуација ние го немаме тоа, а во оваа ситуација тоа не се прави, во оваа ситуација потребите на една заедница се става ад акта, можеби, што се вели за подобри времиња. Дали е тоа политика моментална или дали тоа е конзистентна политика на определени партиски или политички структури, тоа не можам да го кажам, времето тоа ќе го покаже, но факт е

дека Турците едноставно сакаат да бидат дел од политичкиот живот и треба да бидат дел од политичкиот живот во Република Македонија, а може да бидат ако, пак ќе потенцирам, им се овозможи иста стартна позиција на политичката трка во Република Македонија. Не бараме ни помалку ни повеќе, едноставно да бидеме еднакво третирани во рамките на Република Македонија, како граѓани на овој изборен процес, како граѓани кои се дел од оваа држава, а не да бидеме граѓани кои едноставно ќе бидат третирани на еден непопуларен начин кои едноставно немаат потреби, кои едноставно не можат или не треба да го дадат гласот за своите луѓе, без разлика дали тие потекнуваат од национални партии, поединечни листи, независни листи и едноставно да не може да им се ускрати правото можеби на други политички партии на еден непринципиелен начин да ги земат гласовите на Турците во Република Македонија.

На крај, многу е важно да се осознае дека пропорционалниот модел каде што Македонија е една изборна единица, тоа е подобро решение отколку тоа решение што сега се нуди, тоа е решение каде сите граѓани од сите партии ќе се тркаат подеднакво, без да бидат помалку или повеќе важно третирани. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Повелете господине Хасипи, имате 3 минути реплика.

**Ќенан Хасипи:** Во рамките на овие 3 минути би сакал да се осврнам на делот од дискусијата на господинот Ќахил кој преферира пропорционален модел со една изборна единица.

Не е спорно дека пропорционалниот модел со една изборна единица врши реална дистрибуција на волјата на избирачкото тело и дека на тој начин турската етничка заедница може пореално да биде претставена во Собранието на Република Македонија. Меѓутоа ние кога го поднесовме предлогот за гарантирани места, не поаѓавме само од интересите на турската етничка заедница. Нашите пресметки покажуваат дека најмалку една, а можно е и две етнички заедници и под услов да го имаме пропорционалниот модел каде Република Македонија е една изборна единица, имаат шанси да останат без пратеник во Собранието на Република Македонија, имајќи го предвид фактот дека тие помали етнички заедници имаат неколку политички партии и со делба на гласовите, дури и кога Република Македонија би била една изборна единица, не би имале шанси да имаат свој пратеник во Собранието на Република Македонија. На тој начин повторно ќе се поставеше прашањето, дали со овој модел каде Република Македонија е една изборна единица, не вршиме неправда кон помалку бројните етнички заедници кои и со ваков модел не би можеле да бидат застапени во Собранието на Република Македонија. Токму поаѓајќи од тоа, ние преферираме модел на гарантирани места кој има две предности. Прво, обезбедува секоја етничка заедница да има свој пратеник во Собранието и второ, не ја нарушува компетицијата. Компетицијата се сведува во рамките на самите етнички заедници, со оглед на фактот дека скоро сите од нив имаат повеќе политички партии, здруженија, независни кандидатски листи, што би овозможило еден солиден натпревар меѓу нив за да го изберат оној за кој гласачкото тело ќе се определи. Токму од тие причини ние го понудивме моделот за гарантирани места. Не поаѓавме само од интересите на турската заедница. Инаку, да поаѓавме од интересите само од турската заедница, сигурно дека моделот на Аднан Ќахил би бил применлив за турската заедница во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** 1 минути контра-реплика пратеникот Аднан Ќахил.

**Аднан Ќахил:** Јас сум претставник на една опозицона партија од турската заедница. Јас немам право, а можеби имам обврска да зборувам во името на другите заедници. Колку што мене ми е познато, другите заедници имаат свои претставници,ако претерирате на бошњачката или влашката заедница, вашиот став требаше да го кажат тие. Но, јас ќе повторам една работа што е многу битна. Барам Македонија да биде една изборна единица каде сите ќе имаме еднаква стартна позиција. Се согласувам дека можеби некои заедници, поради бројноста ќе имаат хендикеп, но сметам дека во таква ситуација постојат и коалиции, ќе се направат коалиции, ќе имаат можност и тие да влезат. Но, мислам дека тоа е многу полиберално и подемократски ако одиме на тој начин, а не на загарантирани места, бидејќи со загарантирани места ќе имаме вечни пратеници, а без разлика дали се работи за турската или за другите заедници. Мислам дека тоа е недозволиво во парламентарната демократија во Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ќахил.

Наташа Биковска не е тука.

Има збор пратеникот Слободан Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван господине заменик министер.

Конечно, драги колеги дојдовме да се фатиме со една извонредно значајна работа, да го реформираме од корен начинот на кој нашите граѓани ги бираат луѓето кои им го уредуваат животот, им го трошат нивниот данок за функционирање на државата.

За мене изборниот законик за чие донесување треба на оваа седница да се договориме е поважен, ако ништо друго рамносилен на Уставот, бидејќи ако Уставот ги регулира односите во нашата држава, ги гарантира правата на граѓаните, ги штити правата на граѓаните, тогаш изборниот законик за кој, еве, една недела овде дебатираме т.е. за потребата од негово донесување, е инструментот кој

граѓаните го имаат во раце за да изберат свои претставници кои така уредените односи во државата ќе ги гарантираат и ќе ги применуваат, носејќи закон. Значи после, би рекол 15 години крпење, правење и преправање на наследени и несоодветни на развојот на нашето општество, изборни модели, ние сега стоиме пред задача да направиме нешто сосема ново кое одговара на степенот на развојот на нашите општествени односи. Но, иако 3 години, еве во овој Парламент, од оваа трибина, на секое сопнување на нашето општество, на изборите сум се залагал за ваква задача, сум се залагал за ваков потфат, овој пат само сакам да додадам уште една работа која е прашање на време и на зреење и тука ние, иако не се работи за носење законик, како политички претставници, имаме извонредно важна улога, а тоа е, нема господа законик кој можеше да го смени менталитетот. Според тоа, денес сакам јас барем, гледам дека некои мои колеги одат во други правци, да расправам за тоа дали ни треба ваков законик. Меѓутоа, гледано низ аспектот на целта што сакаме да ја постигнеме, гледано низ аспектот на моделот и на механизмите со кои тоа ќе го направиме. Но, над се, би сакал да зборувам за важноста и за она што до сега го детектирав како различно по имање на важноста на овој наш заеднички потфат.

Господа, за мене цел не е да создадеме инстрмент кој ќе овозможи да дојдеме на власт, а гледам од досегашната расправа дека многумина овде застапени претставници на партиски листи, бидејќи нивната заложба е токму тие да имаат влијание за да победат, ги свртува во партиски пратеници, а не претставници на граѓаните. Не сфаќаат дека ние во овој момент не смееме да донесеме таков закон, туку треба да донесеме закон кој на нашите граѓани ќе им овозможи, од сега па до натамошниот повисок степен на развој на нашите општествени односи, да бираат Собрание кое ќе го сметаат за свое и во кое ќе имаат доверба. Ние сме на тој пресвртен момент и добро е што се зафаќаме со оваа работа, но погрешно е и сега, како Парламент, како општество, како партии, да паднеме на испити и повторно да се фатиме во костец, а потоа да дојдеме и во цајк нот и да донесеме инструментариум кој ќе овозможи на една политичка групација, предводена од една партија, а во нашето општество кое е далеку од тоа да биде во својата суштина демократско, на еден лидер, или таканаречен лидер затоа што јас не верувам во нив иако тие така сакаат да се наречат, да му овозможиме да има неприкосновена контрола врз целото општество. Тоа не е демократија. Тоа е диктатура. Значи ние сега треба да направиме законик кој ќе го врати граѓанинот во централното место на нашата демократија, да донесеме законик кој ќе обезбеди волјата на луѓето кои не финансираат овде и кои го издвоиле својот суверенитет како граѓани, да биде соодветно застапена. И ова не го правиме, повторно и тука постојано ја повторуваме една иста грешка во перцепцијата. Ние тоа не го правиме за Брисел, за граѓаните на Белгија, Франција, Холандија. Ние не го правиме тоа заради тоа што мораме да го направиме, бидејќи нема да станеме членка на Европската унија. Не. Ние тоа го правиме бидејќи мораме да изградиме модел кој ќе ја направи нашата демократија функционална и кој ќе ја направи нашата демократија од доверба за граѓаните, која на граѓаните ќе им ја врати довербата во политичкиот систем кој 15 години го чувствуваат на свој грб и од избори до избори го чувствуваат и како аномалија. Значи задачата што стои пред нас е неверојатно важна, комплексна, ние ќе бидеме на неа дораснати ако сфатиме дека сега мора да се откажеме од амбициите и во нашето сфаќање на важноста на задачата што стои пред нас, треба да стои победата на граѓанинот, а не победата на оваа или на онаа партија. За жал, меѓутоа од досегашното расправање се гледа дека одреден број на луѓе кои од себе си само познати прашања на совеста, доаѓаат овде и пренесуваат диктат дека нивна цел не е ова јас што го зборувам и за кое ние се залагаме, туку како да воспостават контрола врз процесот на избори. Затоа, примарно во расправата станува каков ќе биде составот на Државната изборна комисија и кој ќе ја води, а се помалку одиме во правецот на тоа да видиме дали имаме политичка, законска, би рекол општествена сила, генераторите кои ги создаваат нерегуларностите на нашите избори, да ги елиминираме. Ако тоа го направиме лесно се составуваат државни, регионални, општински изборни комисии и лесно се оди, господа мои, на избори. Ние постојано, кога до сега во овие 15 години сме се зафаќале на законот, сме се зафаќале да ги решаваме контрлните механизми на изборите и потоа менаџирањето на резултатот кој , каков таков, регуларен или нерегуларен, сме го добиле, а никако да се зафатиме за тоа што прави политичката елита, како тоа се одразува врз граѓаните и како тоа потоа на избирачките места се реперкуира како резултат кој потоа 4 години, еден дел од Парламентот наместо да се зафати со санација на нашето стечајно стопанство, еве 15 години води битка да го оспорува легитимитетот на избраната институција, без разлика дали е претседател на република, Парламент, или градоначалник и општински совет.

Господа, ќе ме прашате врз основа на што доаѓам до ваков заклучок, па чекајте сега ние зборуваме за тоа односно одредени членови на овој законодавен дом, највисок орган на суверенитетот на граѓаните на Република Македонија зборуваат дека треба да направиме таква ДИК која ќе треба да биде ослободена од влијанието на партиите да извршиме елиминација на влијанието на партиите, а настапуваат како партиски претставници. Па, чекајте луѓе, логички да размислиме малку, што значи ваквата постапка, ваквата аксиома ако воопшто може да и се даде тој позитивен предзнак. Тоа значи дека ние како претставници на партиите се сомневаме во сопствените

претставници во Комисијата, па сакаме одтаму врз основа на партиски став да ги елиминирaме, па кој ги прави нерегуларностите на изборите? Одредени политички групации кои немаат друга понуда чија што главна цел во трката на изборите е во власта, а не добродетелот, не реформата, не подобро стопанство, не поефикасна држава, не поефтина држава. Според тоа, ако седнеме и сакаме чесно да си ја завршиме работата и тука доаѓа она мое второ укажување кое најверојатно ќе го гуслам додека граѓаните имаат доверба да ми дадат мандат прво ние треба да го промениме менталитетот, а потоа да бараме и граѓаните соодветно да не следат нас. Значи, да го промениме менталитетот. Не е важно дали партиите ќе бидат или нема да бидат застапени во Државната изборна комисија ако ние решиме да не им даваме, да им забраниме, да не им даваме налози да дејствуваат во правец на нерегуларност на изборите. Од избирачкото место, од избирачкиот одбор до Државната изборна комисија, тогаш е сосема сеедно дали еден граѓанин во една демократија кој, по правило, мора да биде политички обоен седи во Државната изборна комисија или не, што значи дека ние сега нашето натегање дали овој или оној да го избере овој или оној, дали ваков или онаков партиски состав да има Комисијата, всушност за мене крајно недемократска, надвор од институциите, битка за контрола врз Државната изборна комисија, а тоа значи и контрола врз изборите, тоа значи контрола врз демократијата, тоа значи утре да добиеме уште еден парламент кој ќе биде нотаријат на волјата на еден лидер кој ќе успее преку ваквата контрола на органите на нашите избори и врз граѓаните да владее диктаторски со оваа држава. Замислете се малку и во терминологијата со која некои луѓе се нарекуваат лидери, фирери. Менталниот склоп на таквата поставка автоматски зборува дека целта е тој, јас сум израснат во малку поинаков свет, школуван сум во еден свет на целосен индивидуализам, ама таму немало еден да мисли за сите, туку секој мислел со своја глава и затоа луѓето создале еве, 200 и кусур години демократија која не е најидеалното, не е најдоброто, не е само оптимално човеково уредување кое на некој начин функционира. Кај нас имаме постојано еве 15 години костец меѓу луѓе кои сакаат да управуваат со сите, без разлика што се некои од нив толку помлади од мене што можам татко да им бидам, а тие во својата свест повеќе багаж од претходните тоталитарни облици на општествено уредување носат во своите глави отколку носам јас и понекогаш ме фаќа така кога ќе помислам дека овде од говорницата зборувам посвежо отколку луѓе кои се и по 30 години помлади од мене.

Значи, дајте да престанеме со таа битка за контрола врз волјата на граѓаните. Нема граѓанинот на Република Македонија повеќе да падне на тој блеф и ако му направиме повторно таква стега тој ќе се бунтува.

Зарем не забележувате дека во политичката дикција на одредени субјекти кои од илјадници причини не се влезени во овој законодавен дом се повеќе нараснува желбата за користење на еден инструмент кој не е примарен во демократијата, тоа е протестот, бунтот, блокирањето на улици. Дали не ви говори тоа дека не само анкетите, туку низ гестовите на нашите граѓани читате дека нашата доверба како Парламент, како законодавен дом, како демократија драстично паѓа. Затоа е сега моментот сето тоа да го поправиме, но прво овде треба да се елиминира борбата за контрола врз суверената волја на граѓаните, не на изборното место во избирачкиот одбор и не е нерегуларноста на изборите во кршењето на кутијата или во лажираниот записник, туку е во менталитетот на политичката елита и на одредени нејзини фирери да бидат, врз основа на сите можни расположиви средства, постојано во седлото за да можат на тој начин да ја остваруваат својата позиција во оваа држава која сите сакаме да ја нарекуваме демократска и заради која демократија нашите граѓани веќе 15 години се злопатат, заедно со нас, но одговорноста е наша. Нивната одговорност се јавува на секои 4 години и ние на секои 4 години се трудиме таа одговорност да ја канализираме во остварувањето на нашите издвоени и парцелизирани сфери.

Господа, затоа сакав да зборувам за поимањето на важноста. Затоа сакав да кажам дека ова што сега го правиме не го правиме за Брисел и многу е важно да го направиме за нашите граѓани.

Според тоа, дали ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ ќе го именува претседателот на Државната изборна комисија е сосема неважно ако ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ и сите други политички партии израснат во такви политички чинители кои ќе му речат на тој човек од сега натаму забрането ти е да не слушаш. Е, тогаш е сосема сеедно, но бидејќи не е така, бидејќи на сите ни недостига општествена, демократска зрелост, ни треба една фаза на транзиција.

Јас сум тука со размислување од овој неверојатно широк резервоар на луѓе кои на одреден начин се платени од Буџетот, од парите на граѓаните собрани како данок и распределени, од овој Парламент да избереме не луѓе од државната администрација сфатена во перцепцијата на многумина на нејзиното најниско ниво, туку дајте да избереме од државната администрација имаме професори, имаме академици, имаме видни експерти кои работат во разни паравладини, провладини, државни претпријатија и институции, личности, нам ни треба избор на власт во која ќе седне еден претставник и без оглед на тоа кој го избрал и кога тој што го избрал ќе му се јави по телефон и ќе му рече пардон, јас ќе решавам за дадениот случај врз основа на сопствениот критериум, врз основа на сопственото поимање. Тие луѓе не мора да бидат судии, не мора да бидат адвокати, дајте луѓе еднаш да се ослободиме од тоа исто

така лошо наследство на минатото дека во политиката само експерти за одредени области треба да бидат избирани или поставувани како политичари. Не. Прво, треба да бидат способни луѓе, второ, треба да бидат личности со интегритет, а лесно, ако не се правници ќе создадеме апарат во Државната изборна комисија кој на тие луѓе ќе им дава релевантни и други податоци врз основа на кои ќе можат да го проверат својот став и така да гласаат и нивната волја да не биде менлива и да не биде под влијание на нас, на политичките партии, на лидерите.

Во државите каде сум работел во овие последни 40 години постоеле институции кои се нарекувале изборна власт, не комисија, не државна, изборна власт, обично ингеренциите на оваа изборна власт биле најголеми во големи држави каде што правото на глас не е право, туку обврска каде секој полнолетен граѓанин мора да гласа и да гласа таму каде што е регистриран што предизвикува општ сообраќаен метеж на територијата на таа држава, процесот трае долго, но во тоа време угледните претставници на тоа општество во таа власт кои се по дефиниција на плата од Буџетот, па според тоа службеници на таа држава владеат со државата, раководат со полицијата, раководат со армијата, раководат со изборните органи, раководат со извршните функции на државата, па ниту претседателот на државата, ниту претседателот на државата или во даден момент монархот не може без проверка и верификација кај државната власт да донесе било каква одлука во тие неколку дена, ден во државите како Бразил изборите траат една недела, во тие денови без верификација на изборната власт да не може ништо релевантно кое се однесува на судбината на сите да биде донесено, бидејќи нема мандат, нема легитимитет. Нам ни треба еден таков облик на изборна власт која ќе биде неприкосновена, на која ќе и се подредат сите и врз која никој ќе не може да изврши никакво влијание.

Значи, не е во прашање површноста со која ние му приоѓаме на ова кој кого, како ќе бира, туку ќе направиме така да мора да работи самостојно без оглед на тоа кој го избрал оти не е прашањето во тоа кој го избрал, туку прашањето е во тоа ние како политичка елита да се откажеме од лажната поставка со која ги блефираме упорно нашите граѓани дека ќе направиме некаква реформа, а гледаме така да ја направиме без разлика дали сме власт или опозиција нашето влијание врз таа институција, а во случајот за мене најважната власт во државата - изборната го оствариме ние. Тоа е погрешно и тоа не само што не води во Европската унија, не води ни во организацијата на африканските држави заради тоа што ако погледнете на начинот на кој нашите граѓани се сомневаме во нив, а практично ние сме инспиратори на нивните трансгресии гласаат како да се граѓани на суверена Репулика Руанда со невидливи мастила, со разни светилки, со илјадници проверки. Зошто? Оти некој од нас, некое си фиререче, лидерче дава налог на тие граѓани да го сторат токму тоа. Чекајте луѓе, јас не сакам чесните граѓани кои веруваат во оваа демократија да бидат третирани како поданици на Руанда и со такви прерогативи да кандидираме да влеземе во Европската унија. Не. Тоа само дополнителен механизам за контрола кој многу често го изигруваме.

Ако погледнете наназад и видите што ни се случувало на изборите најмалку било важно дали сите тие што гласале имале невидливо мастило кога гледате што ни се случува со кршење на кутии, со колективно гласање, со вршење на притисок, со узурпација на избирачките одбори, со поделба на гласовите на избирачките одбори уште пред да гласаат граѓаните. Па, тоа не го прави некој дојден од надвор. Не. Тоа некој дава налог некому тоа да го прави, сега сите ние овде изигруваме невини, демек нашата лоша, за мене далеку од тоа да се гордеам со изборна нерегуларност е самородно зачнување. Не, некој е инспиратор и тој инспиратор треба сега овде пред лицето на оваа јавност и на овој Парламент со овој законик од тоа да се откаже.

Значи, ни треба изборна комисија составена од видни државни службеници со интегритет. Ако сакате да се вратиме на исконските и вистинските изворишта на демократијата тие луѓе треба да бидат бирани врз основа на предлог на сите политички чинители, но со ждрепка. Со ждрепка. Избраниот да не знае кој го избрал. На тој начин секој што ќе пријде да му врши притисок за него е неприфатлив заради тоа што врз основа на еден таков примерок од тој наш извонредно богат резервоар на државни службеници сме избрале еден кој во даден момент и со мандат подолг од тој на институцијата што ја бира ќе управува со државната власт во моментот кога државата запира и се наоѓа од еден во друг мандат да бира нов состав на законодавниот дом, на општината нов градоначалник, нов претсeдтел.

Зошто доаѓаме до ваква ситуација? Јас сум длабоко убеден во тоа дека во транзиционите ситуации, не постојат транзициони општества, општество е општество, ние имаме транзиција, таа не општество, бидејќи е неопштество во неа ни се појавуваат различни аберации кои ние во недостаток на квалитетна просудба ги припишуваме на политика, ги припишуваме на Собрание, ги припишуваме на политичари.

Всушност се работи за искривоколчено сваќање на тоа што е демократија. Овде од оваа трибина и денеска и пред некој ден се рече дека партиите се доминантните играчи во нашата политика и тоа е така во многу други држави. Но, во другите држави партиите се доминантни играчи оти освен тоа што нудат решенија, платформи, промени, ефикасност, поефикасна држава и помали даноци, тие не водат брутална, во отсуство на понуда, борба за власт, па според тоа имале мнозински или пропорционален модел со нашите кандидатури, со составот на Парламентот

командуваат не партиите, бидејќи партиите ни се интересни заедници, асоцијации на амбициозни луѓе кои се нашле што од политички што од интересни причини, заедно, кои немаат некоја си класна припадност, бидејќи нашето општество е во фаза на распаѓање, а не раслојување, па според тоа не може да се каже дека една партија кога излегува со една програма и со една листа застапува еден одреден сегмент на нашето општество и во името на тој сегмент и неговите интереси пратениците настапуваат и ги застапуваат тие интереси на тој начин се претставници на граѓаните. Не. Ние имаме партиски раководства кои формираат листи за мнозински пратеници и министри за пропорционални собранија, бираме собрание кое не е идеолошко, бидејќи пропорционалното каде што улогата на филтер на кандидатите е партијата, во едно такво идеолошко собрание лидерите командуваат со пратениците и ако пратениците најдат за сходно да не се согласуваат со таквата ситуација, мора дури да го менуваме и Уставот за да им овозможиме на тие луѓе да го сочуваат својот интегритет, слобода и право на издвоено мислење, што е пак во основа темел на демократијата. Па, ние го немавме овде во овој Парламент. (пратеникот Флоровски дофрлува нешто од место).

Така е Флоровски, те наследив како верен корисник на чашата и на H2O.

Инаку, господа воопшто ситуацијата не е комична иако Флоровски знае почесто да влезе па да не разведри малку со некоја досетка.

Ние во нашиот Парламент имаме доминантна улога на раководставата на политичките партии, а при ваков стечај на нашето пропаднато стопанство, при вакво отсуство на квалитетна политичка понуда оти ако сте банкротирани што можете да понудите? Ние не можеме да излеземе со програма дека после наредните избори ако не изберете драстично ќе ги намалиме даноците за да заживее економијата, на граѓаните да им биде полесно, не. Ако го направиме тоа ќе ја туриме и државата под стечај, па според тоа што нудиме. Нудиме само гола борба за власт и изборите ги сведуваме како политички елити на безпоштедна битка за живот и смрт од општина до претседател на република со централно место во Собранието.

На тој начин кога ќе истрчаме така на избори со така профилирана цел, со такво сфаќање на демократијата сосема е логично што во свеста на сите тие што ја играат оваа валкана игра стои како дозволено макијавелистичко правило дека сите средства се дозволени, па на крај и правењето се изборите да бидат нерегуларни, т.е. да бидат во моја корист, а не во корист на граѓаните. Затоа ќе слушаме овде разно разни полемики меѓу партии излезени од една партија, меѓу луѓе кои се дистанцирале од одредени лидери заради тоа што не можат да го прифатат капалот на својата мисла и ќе чуеме секакви можно ибвинувања само не да дојде и да рече еве како што велам јас овде дека тој еди кој си, било кој, да каже како што Слободан Чашуле одовде зборува:

Јас нема да дозволам како партиски лидер моите членови, симпатизери, кандидати, членови на изборни комисии, на избирачки одбори, нема да дозволам да учествуваат, да инспирираат, да поддржат, да игнорираат нерегуларности на изборите. Таа дикција, овој дискурс не го слушаме. Зошто? Заради тоа што и натаму на изборите 2006 година гледаме како битка на живот и смрт меѓу нови, стари, идни тек сега испилени староновi лидери, кои на овие избори треба да докажат дека се некаква политичка сила да ја заграбат власта и потоа преку овој крајно недемократски начин на кои ги вршиме работите, да управуваат со државата.

Незнам луѓе, дали забележувате, тоа се кажа овде во овој парламент, искажа еден наш колега, очигледно недоволно образован, но ќе научи, има време, дај боже да се избере пак, како што рече дека политичката сила на одредените политички движења се мерило по лидерот и по луѓето кои се надвор од овој парламент. Јас не можамда разберам како може мене некој да ме убедува дека мнозинството кое има снага на 61 глас е послабо од некој си што надвор шета по улиците, го блокира сообраќајот, или прави разноразни манифестации и ја извлекува демократијата од Собранието и ја праЌа на улица дека бил посилен од сите нас. Тоа не е демократија, тоа е јурија. Тоа е анархија, тоа е хаос. Не господа, тој што има пратеници во Парламентот, тој има политичка сила. Се друго, е надвор од системот. И се друго, ќе треба да се докаже дека е така допрва на изборите 2006 година. Затоа, сега се создава во јавноста синдром. Ако јас што велам дека сум посилен надвор од парламентот, не успеам тоа да го докажам, тогаш ми е виновен претседателот, составот на ДИК, ВМРО Народна, Слободан, еди кој си, било кој, само не тој. Таквата политика, средновековна политика во Република Македонија која е уште пострашна и од најтоталитарните поредоци на сталинизмот или и на фашизмот и нацизмот не држи во вакво заточеништво, да не можеме одовде да излеземе со два дена расправа, со заедничка согласност да усвоиме предлог да се донесе нов изборен законик, кој изборен законик да го донесеме и да не чекаме законот да ни го уреди менталитетот, законот да ни го уреди држањето на изборите, туку сами да бидеме и поголеми од законот и уште одовде, тука јавно да се обврземе, да дадеме цврсти лични и политички гаранции, дека изборите ќе ги направиме така како што доликува на една европска држава. Не скандинавска. Во Скандинавија не заборавајте, го објави министерот за надворешни работи, тоа не се случило. Овие благородни граѓани, овие народи што живеат овде, заедници, немаат таква политичка мисла, или таква политичка дикција во својата глава и во своите души. Според тоа, ако ги пуштиме на раат, тие ќе направат извонредно добри избори од кои ќе се гордееме. Меѓутоа, кој

е лекот да ја спречиме оваа битка на две мамутски политички асоцијации, кои многу малку имаат врска со непосредната волја на граѓаните. А тоа е моделот, третата точка за која сакав да ви зборувам. Ние имамем пропорционален модел и се цени дека пропорционалниот начин на избирање дава можност повеќе гласови дадени на изборите да дадат свој изборен резултат, преку избор на пратеници. Да. Но, Донтовиот модел не е најповолниот од пропорционалните. Тој е неповолен и оди од рака и ја потхранува битката на живот и смрт меѓу две политички групации осојузени заедно, кои во отсуство на било каква друга понуда се борат за гола власт. Бидејќи, ако мојата листа има еден глас помалку од листата на мојот соперник, тој добива автоматски два пратеника, откако меѓу двете најголеми партии ќе се распоредат сите 20 пратеници во нашите изборни единици, сите други гласови се невалидни и се фрлаат и исчезнуваат валидни кандидати, сериозни политички движења, заради тоа што не успеале да го пробијат прагот. Господе, ние не треба да се откажеме од пропорционалниот модел, заради тоа што и мнозинскиот го диктираат партиите и кога ќе дојде до клучната пресметка во вториот круг, тогаш клучно станува нерегуларноста и насилството, а не волјата на граѓаните. Ние ќе треба да го задржиме овој пропорционален модел, но дајте да го доградиме и да го направиме да може да ни создаде парламент, кој ќе биде на граѓаните, во кој граѓаните ќе имаат верба, кој ќе го сметаат за свој. Многу едноставно.Може да се додаде праг и да се одбере еден од моделите во светот каде што има прагови. Во нашиот случај тоа би биле 3%. Тоа значи дека во секоја изборна единица, политичката партија што ќе го пречекори прагот ќе добие автоматски еден пратеник. Богатството на независна политичка застапеност во парламентот, каде што малите политички субјекти нема да станат членови, заради тоа што некој е поголем, сака да ги капира нивните гласови, па им дава едно место, многу помалку од тоа што го усвоиле кога би постоел овој модел, што ви велам јас. На тој начинтие нема да бидат сателити на таа поголема партија ставени во чудовишно менѓеме по некогаш да гласаат против интересите на групацијата што ја застапуваат, ако ја застапуват, или на етничката заедница, туку ќе бидат самостојни. А во тоа богато милје ќе правиме коалиции. Тогаш ќе бидат навистина големи коалиции, бидејќи ќе опфатиме поголем број на чинители. Значи, прашањето не е некоја голема филозовија топла вода. Постојат многу пропорционални модели. Ако успееме на бирачите да им ја дадеме таа слобода, нивниот глас кој досега паѓаше во дупка, да биде изразен, ако во овој Парламент добиеме поширок круг на луѓе, тогаш, нема да имаме, како досега тоталитарна позиција на владеачкото мнозинство, кое без оглед на тоа што ќе направи опозицијата, тропала, свирела, излегувала, влегувала, гласала против, зборувала со саати, волјата поминува. Не, тогаш ќе имаме вистински коалициони влади, во кои кога ќе си составува програмата на таа коалиција, ќе се прават компромиси. На една ситуација на транзиција, како што е нашата, таквите влади се многу подобри, заради тоа што нивните одлукикои се истовремено инсрументи за управување со државата, но и за нејзино реформирање, ќе го имаат белегот на поширока сопственост и ќе им припаѓаат на сите. А не вака како што имаме сега, штом Едната голема групација ќе ги загуби изборите, прва работа што групацијата што победила ги прави е троши две години да ги смени законите со кои како опозиција не се согласувала, а ги донела позицијата кога била на власт, го имала тоа апсолутно право да ги носи законите без никаква друга проверка. Тоа не е демократија господа, затоа потрошивме 15 години време и за тоа луѓето ни живеат во очај и се незадоволни од нас и нема политички чинител, или лидер, или фирер кој има повеќе од 9% доверба од сите граѓани на Македонија, а не заборавајте не има два милиона.

Според тоа, мора ваквото поимање на причинителите на ирегуларности и нивното решавање да го бараме начинот на кој ќе ја осамостоиме и ќе ја направиме државната изборна власт самостојна, а изборите толку добри што таа изборна власт ќе треба само механички да ги преброи и да ги верифицира. И на крајот, ние постојано во овој натпревар на големите коалиции, видовте пред некој ден, се стокми една коалиција и ја принуди другата коалиција да не разговара со никого друг освен со нив. Седнаа двете врхушки на тие две коалиции и нешто што беше политички дијалог го претворија во меѓусебен договор. Ако така лесно успеваат да се договорат, ако гледате дека никој, ниеден од овие чинители за кои што ви зборувам и овие причинители на проблемите и дефектите не е земен предвид, тогаш се правеше нагодба како тие две групации да го контролираат изборниот систем и толку. Без разлика што други самостојни партии што не се во никоја коалиција имаат свои мислења, како што ова сега што ви го искажувам вам, тоа апсолутно не се зема предвид и мене ќе ми биде страшно жал, ако со овој закон биде така сето што ќе го кажеме ќе мине и ние како нотари, односно вие, затоа што јас ќе гласам против, ако не ми е по вкусот, како нотари ќе го озакониме уште еден циклус на изборна контрола.

И на крајот, постојано забораваме дека ние сме мултикултурно општество и дека во тоа наше мултикултурно општество со Рамковниот договор кој сега е Устав, преземавме обврски да негуваме, да штитиме и да имплементираме права на нашите еднички заедници. Ако ние не ги земеме нив предвид во ова Собрание, тогаш имаме повторно сериозен дефект. Јас сум за тоа, а Уставот го дозволува, тој предвидува 120 до 140 пратеника да има овој законодавен дом. Сегашниот број од 120 да се зголеми за уште 12, со две гарантирани места за секоја етничка

заедница, која е помалку од 20% во државата. На една изборна единица од редот на своите припадници да бира двајца пратеници кои ќе се придодадат до другиот состав. Ако успееме да воведеме 3% праг, ако успееме да го додадеме ова, тогаш создаваме многу похармоничен парламент во кој за прв пат после толку време ќе завладее договорот и компромисот, зашто тоа е улогата на современите демократски парламенти, а не кавгата и сечењето глави како што било одлика на Кромвеловиот парламент, пред 300, 400 години во Велика Британија. И тоа било демократија и оваа, но јас ја сакам оваа демократија на договор повеќе од таа која значи безпоштедно елиминирање на соперникот, негово целосно игнорирање ни поднештување полициско судско, физичко, интелектуално и лично гонење. Не, ако го направиме ова, тогаш сме ја релаксирале политичката борба, ако избереме државна власт од личности, сме собрале самостојни луѓе да не надгледуваат. Ако овде јавно се откажеме од нерегуларноста како политичко средство за борба и ако го уредиме парламентот и начинот на неговиот избор вака како што ви предлагам, јас ви гарантирам дека 2006 година ќе имаме успешни избори. Но, незаборавајте Европска унија, кога доаѓаме и до овој приоритет, кој е втор после оној првиот за кој што реков дека се што правиме го правиме за нас, кога Европска унија ќе ги погледне решенијата, не само резултатот, кога ќе види дека имаме проекција на самостојна изборна власт, кога ќе видиме дека сме создале политичко социјален контекст за зреење, тие ќе речат на оваа држава може да и речеме дека е подготвена да ги започне преговорите. Вака, ако завршиме со избори кои ќе бидат навидум регуларни со сите дефекти пренесени на некое друго време ослободено од туторство, па според тоа и покавгаџиско, тогаш верувајте ми, ниту Брисел е толку наивен да не ги гледа нашите ситни балкански измами, а уште помалку нашите граѓани. Според тоа, дајте сега овој предлог за донесување на законик да го усвоиме. Да отвориме темелна, исцрпна, јавна расправа од која јас би рекол како најважни би ги елиминирале лидерите и партиските елити и би го отвориле просторот за сите релевантни мислења, па да се вратиме назад на второто читање овдека со веќе апсолвирани некои од овие работи што ви ги зборував, за да кога ќе го донесеме законот да можеме мирно да одиме дома и да прифатиме, тогаш нема да биде авантура да имаме рани избори, таму некаде во јули. Вака, ако продолжи септември, и тешко дека до септември ќе успееме да изградиме таков облик на доверба меѓу нас и доверба со граѓаните да имаме успешни парламентарни избори. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Чашуле.

Господине Стоиљковиќ повелете, имате збор.

**Иван Стоиљковиќ:** Господине претседателе, почитувани колеги, обично се поставува прашање зошто изборниот закон предизвикува толку големо внимание на јавноста во Република Македонија, меѓутоа, морам да кажам дека изборниот закон и Законот за организирање на политичките партии се едни од најкрупните закони кои имаат причинско поседователни врски во целокупното политичко живеење во Република Македонија и можеби за тоа, изборниот закон предизвикува вака големо внимание во јавноста.

Меѓутоа, кога ќе го погледнеме Предлогот на изборниот законик, на прв поглед може да се види она што всушност беа и препораките на ОБСЕ. Инаку ОБСЕ беше многу прецизен во забелешките во однос на своите забелешки во однос на слабостите и изборните нерегуларности кои тие слабости ги предизвикаа во изборниот процес. Така да, тој наброи десетина точки, кои со просто читање на законот може да се види дека се содржани во изборниот закон. Инаку, препораките на ОБСЕ бараа кодификација на изборното законодавство и наметнаа неколку дилеми во однос на целокупниот избирачки процес. Дилемите беа дали судиите да бидат учесници во избирачкиот процес, или каков да биде составот на избирачките одбори. Дали државната и јавна администрација и на кој начин треба да биде вклучена во избирачкиот процес, начинот на избор на Државната изборна комисија и уште неколку други прашања.

Она што беше една од препораките на ОБСЕ, а што мислам дека предизвика големо внимание кај нас претставниците на помалите етнички заедници, беше дали може во процесот на донесувањето на изборнот законик да се впуштиме и во промена на изборниот модел.

Она што можеше да се слушне во целокупната расправа овие денови, укажува дека предлагачот на изборниот закон, Министерството за правда во целост ги инкорпорирала препораките содржани во документите на ОБСЕ и на тој начин не само што ги инкорпорирала во законот, туку отворила неколку дилеми. Она што беше сручна забелешка од јавноста во Република Македонија во однос на изборнот закон, беше техничката содржина на законот, односно петнаесеттите глави во изборниот законик дали се соодветно подредени и дали она што се нарекува припадници на Република Македонија имаат избирачко право а се на привремена работа во странство, дали треба да бидат одбележани со звездичка, или треба да бидат на посебен изборен список.

Очигледно тука законодавецот одел по линија на законот за единствен избирачки список и оние граѓани на Република Македонија кои се наоѓаат на избирачкиот список, а во исто време се наоѓаат и на привремена работа во странство со познати адреси дал предлог да бидат обележани со ѕвездичка. Сега дали ќе бидат одбележани со ѕвездичка, дали ќе бидат болдирани во избирачкиот список, или ќе се најде некое трето решение, не е воопшто вачно. Во секој случај за мене е неприфатлив предлогот тие да бидат издвоени надвор од избирачкиот список.

Што се однесува до ДИК, она што е главно прашање кое се наметнува во однос на ДИК, тоа е дека скоро сите земји во опкружувањето, кога станува збор за ДИК, составот на ДИК воглавно ја црпат од Уставниот, или од Врховниот суд. Меѓутоа, поради добропознатиот начин за избор на судии во Република Македонија, очигледно не ќе беше добро прифатено решение претседателот на Врховниот суд да биде и претседател на ДИК, нормално засилен со претставници на политичките партии и се влезе во процес опозицијата да го предлага претседателот на ДИК, нормално во согласност со мнозинството на пратеници од владеачката коалиција. Тука нема ништо спорно. Јас не гледам зошто ова прашање предизвика толку голема реакција во јавноста на Република Македонија, од проста причина што главните проблеми во избирачкиот процес секогаш се јавуваа на многу  ниско ниво во избирачките одбори, а никогаш не беше обвинет претседателот на ДИК, ниту пак членовите на ДИК, за било какви нерегуларности во однос на изборниот процес. Тука сметам дека се подигна многу голема прашина во однос на ова прашање, кое мислам дека е од секундарно значење во однос на изборниот процес.

Што се однесува до прашањето дали судиите треба и понатаму да бидат учесници во изборниот процес или не, мислам дека тука одговорот е позитивен. Сеуште постојат услови судиите да бидат вклучени во овој процес, меѓутоа не како минатите избори тие да бидат делегирани од политички партии, туку овој пат да се оди со ждрепка и тоа прашање мислам дека е апсолвирано од сите пратеници во Собранието на Република Македонија и од сите чинители на политичкиот живот на Република Македонија. Станува збор уште за едно мошне клучно прашање, а тоа е дали составот на избирачките одбори да остане ист, како што бара дел од опозицијата, или избирачките одбори да бидат променети, да се прифати една од забелешките и сугестиите на Организацијата за Европска безбедност и соработка, а тоа е партиите да бидат исклучени од техничкиот дел на изборнот процес.

Законодавецот, предлагачот на законот одел по линија дека таа работа многу подобро ќе ја завршат  претставниците на државната и јавната администрација во Република Македонија отколку претставниците на политичките партии, бидејќи досегашното искуство покажа дека претставниците на политичките партии знаеле во изборниот процес да внесат најголем број од нерегуларностите кои се јавувале во тој процес. Така да предлогот за вклучување на државната и јавна администрација е сосема оправдан од проста причина што ќе внесе уште додатни гаранции за фер и регуларен изборен процес. Ако го земете изборниот процес или ако го земете составот на избирачкиот одбор онаков каков што е составен од претставници на политичките партии, ќе имаме ситуации какви што имавме на минатите локални избори, членовите на избирачките одбори кои се од редовите на политичките партии да си ги носат избирачките кутии дома и во приватни услови се вршеше гласањето во Република Македонија. Меѓутоа, со новините во законот, со предлогот покрај името на избирачот, кога ќе дојде на избирачкото место да му се забележи матичниот број, покрај тоа што ќе треба да се удри печат, значи дополнително да се верифицира избирачкото ливче во текот на гласањето и третата ограничувачка варијанта или третиот контролен процес да биде сето тоа да го потпише претседателот на избирачкиот одбор кој е претставник од државната или јавната администрација, мислам дека претставува доволна гаранција дека изборниот процес ќе може да биде регуларен. Зошто велам вака? Затоа што до сега немавме случај или немавме можност во избирачкиот процес претставниците на избирачките одбори да бидат под било каква лупа или под било каква контрола, казните беа мали и воопшто, условно кажано, избирачкиот процес и нерегуларностите беа препуштени на политичките партии. Сметам дека браната од три до четири контролни механизми во оној дел каде што се одвива бирањето, а тоа е на самото бирачко место, составот на бирачките одбори и контролните механизми кои се внесуваат мислам дека можат да отворат шанса за фер избори и согласно тоа за прифаќање на резултатите кои во секој случај ќе бидат такви какви што ќе бидат.

Што се однесува до оној дел каде што изборниот законик не влегол воопшто во разгледување и стручните служби или експертите претставници во Министерството за правда и она што беше наше учество на тие тркалезни маси дека во овој момент не треба да се влезе во процесот на промена на изборниот модел, мислам дека отвори една тема за која овде ќе треба да поразговараме на еден сосема друг начин. Ако се земе предвид дека начинот на политичкото организирање и дека изборниот модел во една држава е од суштинско значење за внатрешно политичките процеси во една држава, ако земеме предвид дека начинот на политичкото организирање во Република Македонија на соодветен начин беше антиципирано со Рамковниот договор од 2001 година, кој се преточи подоцна во уставните амандмани, тогаш сосема оправдано се поставува прашањето дали може и дали воопшто е можно, а не би го кажувал ова ако сметам дека не е можно, дали може Рамковниот договор како таков соодветно да биде антиципиран и во уставното начело за соодветна и правична застапеност, мислам на амандманот 6 од Уставот на Република Македонија. Кога ќе ги отвориме овие прашања, се поставува прашањето зошто од претставниците на националните заедници во Република Македонија не би можеле да го остварат тоа право. Значи зошто не би можело да се влезе во соодветна промена на изборниот модел и претставниците на малцинските заедници во Република Македонија, односно

претставниците на националните заедници во Република Македонија кои се под 20% да бидат третирани во изборниот модел. Една од забелешките што се слушна зошто тоа не е возможно, беше забелешката дека со тоа би било нарушено Бадинтеровото мнозинство, што сметам дека во крајна рака е неприфатливо, бидејќи Бадинтеровото мнозинство е повеќе принцип за работа отколку било што друго, отколку гаранција на албанската национална заедница дека нема да биде прегласана, од една страна и од друга страна, соодветното третирање во изборниот модел на овој наш предлог би отворил комуникација на поголеми врати меѓу претставниците на помалите заедници и претставниците на албанските политички партии, комуникација која во изминатиот период не беше баш на соодветно ниво. Значи има многу аргументи, многу повеќе аргументи има за, за да помине овој предлог, отколку со правдање дека тој предлог не го задоволува принципот на Бадинтеровото мнозинство и дека принципот на Бадинтеровото мнозинство се однесува само на албанците, што мислам дека не е точно. Отвора едни сосема други простори за соработка.

Инаку, предлогот за дополнување на изборниот модел има два уставни основа. Првиот уставен основ е членот во Уставот кој говори дека Собранието на Република Македонија има од 120 до 140 пратеници, значи оставена е можност со дополнителен број пратеници да се регулира оваа област. Вториот уставен основ е амандманот 6 од Уставот на Република Македонија, кој говори за соодветна и правична застапеност на претставниците на националните интереси во органите на државната власт на сите нивоа. Кога се зборува за органи на државна власт на сите нивоа, станува збор и за Собранието на Република Македонија како највисок орган на власта во Република Македонија.

Инаку, предлогот за дополнителни и гарантирани места во изборниот модел и нивното присуство во Собранието на Република Македонија е мошне интересен, бидејќи како решение тоа е присутно во најголемиот број од соседните држави, некои од тие земји веќе станаа членки на Европската унија од една страна, а од друга страна, тоа е во духот на бројните меѓународни конвенции кои зборуваат за ефективна застапеност на претставниците на малцинските заедници во органите на државната власт, во согласност со препораките на Советот на Европа и со другите препораки кои говорат за ефективно учество на малцинските заедници во јавниот живот.

Инаку, што се однесува до предлогот за дополнителни и гарантирани места, самото име гарантирани места многу пати погрешно се толкува дека станува збор за места кои некој нему ќе му ги поклони, не станува збор за места кои ќе мора изборно да се верифицираат, а гарантирани се само по бројност и по начинот на тоа што се обезбедува учество на малцинские заедници, односно на заедниците под 20%. Значи сите ние што би излегле на избори би морале тоа наше учество во Собранието на Република Македонија да го верификуваме со соодветен број на гласови од претставниците на заедниците во Република Македонија кои се под 20%. Кои би биле образложенијата за да се прифати ваквиот предлог?

Прво, со исклучок на ромската заедница, сите малцински заедници во Република Македонија се дисперзирани низ целата територија на Република Македонија и во ниту една изборна единица немаат концентрација на население која би гарантирала сигурен претставник во Собранието на Република Македонија, доколку се примени досегашниот изборен модел.

Второ, со постојниот изборен модел на припадниците на малцинските заедници им е ускратено правото на делегирање свои претставници во изборните органи поради фактот што не го исполнуваат цензусот од 5% освоени гласови на претходните избори, предвидено во работните верзии и во постојниот закон за избор на пратеници.

Трето, ефективното учество на нациналните малцинства во јавниот живот е одредба содржана во бројни конвенции за правата на човекот и правата на националните малцинства, вклучително и рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, а посебно препораките на ЛУНД за ефективно учество на националните малцинства во јавниот живот.

Четврто, дополнителни гарантирани места за припадниците на малцинските заедници е пракса не само во земјите со напредната демократија, туку и во земјите произлезени од сукцесијата на поранешната СФРЈ, како и во земјите од поблиското, па и подалечното соседство. Да не ги набројувам државите, доволно ви се познати.

Петто, обезбедувањето на дополнителни места за припадниците на малцинските заедници во Соббранието на Република Македонија директно ќе го отслика мултиетничкиот колорит на Република Македонија и во највисокиот законодавен дом во земјата.

Шесто, воведување на одредби за дополнителни места за малцинските заедници во Република Македонија ќе значи задржување на пропорционалниот модел со 6 изборни единици надополнето со одредби со кои на припадниците на малцинските заедници ќе им се обезбедат дополнителни места во Собранието на Република Македонија по пропорционален принцип, но за нив територијата на Република Македонија би претставувала една изборна единица.

Седум, при утврдувањето на бројот на дополнителните места би се почитувал критериумот на процентуалното учество на малцинските заедници во вкупното население во Република Македонија.

И осмо, обезбедување на дополнителни места за припадниците на малцинските заедници го

поддржуваат скоро сите претставници на малцинските заедници во Република Македонија.

Едно од основните прашања што се поставува, кога би се влегло во реализација на ваквиот проект, тоа е начинот на реализација во пракса и тука се отвораат многу прашања во однос на тоа. Главните прашања се како ќе се одвива тој процес, како ќе се гласа, како ќе се контролира тој процес, кој ќе биде избран, колкав е минималниот цензус, дали постојат некои други точки на компромис, односно дали постојат точки на компромис меѓу претставниците на заедниците да се договорат евентуално околу целокупнот процес или не. Сето тоа се прашања кои праксата веќе ги потврдила во повеќето земји каде што се применува овој модел, така што накратко би се обидел да кажам дека во неколку земји процесот се спроведува и е сосема легитимен и демократски и би се обидел на вас овде да ви објаснам неколку точки кои сметам дека би помогнале да ја поддржите оваа наша иницијатива.

Значи, техниката на гласањето во ништо не се разликува од досегашната техника на гласање. Предлогот кој го даваме го почитува принципот "еден човек, еден глас", односно припадник на било која етничка заедница да гласа само еднаш и по сопствен извбор.

Трето, предлогот го почитува принципот на тајност на гласањето, бидејќи постои само една гласачка кутија и се гласа по единствениот избирачки список.

Четврто, единствена разлика е во начинот на пребројувањето на гласовите. Имено по завршувањето на гласањето, избирачките одбори ги издвојуваат и пребројуваат гласовите дадени за листите на политичките партии на помалите етнички заедници или листите на тие заедници, прават записник и записниците ги доставуваат до Државната изборна комисија. Државната изборна комисија ги сумира резултатите на државно ниво, бидејќи територијата на Република Македонија се третира за една изборна единица и врши дистрибуција на освоените мандати по Донтовиот изборен модел.

И петто, ваквиот предлог не бара дополнителни финансиски средства, ниту пак измени во структурата на локалните органи.

Почитувани колеги пратеници, сметам дека во понатамошнот тек на јавната расправа во однос на изборниот законик малку посериозно ќе биде разгледано и ова прашање и сметам дека со ваша поддршка ќе можеме да го реализираме ваквиот изборен модел. Ви благодарам на вниманието.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Топузова, дали имате реплика? Со тоа да завршиме до 14,00 часот.

Повелете госпоѓо Топузова, имате реплика.

**Роза Топузова - Каревска:** Благодарам претседателе. Оваа реплика ќе биде повеќе во вид на поддршка на дискусијата на господинот Стоилковиќ. Точно е дека помалите етнички заедници со овој пропорционален начин се поделени на 6 изборни единици и се губат голем број од нивните гласови. Токму поради тоа треба да се размислува, ако сакаме да градиме мултиетничка Македонија како да бидат до крај искористени и гласовите на помалите етнички заедници кои што се дисперзирани на територијата на Република Македонија. Единствено не се согласувам дека ромите не се дисперзирани, исто и тие се дисперзирани како и другите претставници на помалите етнички заедници низ цела Македонија и навистина за мене е прифатливо да се размислува за дополнителна квота која што ќе им овозможи на претставниците на помалите етнички заедници да бидат паритетно застапени во законодавниот дом. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Стојановски, и вие имате реплика, повелете вашите три минути.

**Блаже Стојаноски:** Беше спомнато во дискусијата дека сите се согласуваат околу учеството на судиите во избирачките органи. Овде сакам да го истакнам ставот на ВМРО-Народна партија дека ние сме за целосна професионализација на изборните органи, односно чекор кон таква професионализација со членување на претставници на државната и јавната администрација од избирачките одбори преку општинските и регионалните изборни комисии, па се до Државната изборна комисија, значи во сите изборни органи. Тоа значи дека ние сме против учеството на судиите во изборните органи поради тоа што се поставува прашањето како би се лоцирала нивната одговорност, односно како би се санкционирале неправилностите, односно евентуалните неправилности кои би произлегле од нивното работење, затоа што тие одговараат пред Парламентот како судии, а сега треба да одговараат и како членови на изборни органи. Тоа е проблем кој што не е решлив.

Понатаму, политизцијата на судството и оние реформи кои беа преку уставните амандмани треба да се надминат, кои претходеа пред тоа и кои беа услов, односно причина за донесување на уставните амандмани. Затоа сметаме дека и по пат на ждрепка да биде изборот на судиите , сепак тие ќе бидат изложени на политизирање на нивната работа. Понатаму, околу 200 судии би биле отсутни за време на периодот на одвивање на изборите, што претсатвува еден голем број кој што директно се одразува врз работата на судовите.

Инаку, ВМРО-Народна партија го прифаќа предлогот за дополнителни места со почитување на принципот "еден човек еден глас" и со сумирање на резултатите на ниво на Република Македонија како целина. Впрочем, тоа го има и во други земји, бројката би била предмет на разговор затоа што во Косово има десет места обезбедено за Србите, во Хрватска има 8 места

за Србите исто така, во Словенија има такви дополнителни места за Унгарците и Италијаните, исто има и во Романија таков пристап, што значи дека гарантирањето на такви места за помалите етнички заедници воопшто не е некоја новина која што не би можела да биде применета во Република Македонија. Тука апелирам и до претставниците на ДУИ да не се грижат во смисла дека со тоа би се нарушиле нивните интереси затоа што на овој начин само се прецизира и се лоцира довербата на гласачкото тело кое е ставено преку припадниците на помалите етнички заедници. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со расправа по Предлогот за донесување на Изборниот законик.

Господинот Анастасовски не е тука,избришете го.

Господинот Мешков не е тука, избришете го.

Господинот Трендафилов не е тука, ибришете го.

Господинот Жерновски, тука сте, повелете.

Господинот Жерновски се откажува.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи нема никој пријавен за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, мора да пристапиме кон гласање.

Молам, додека се собере кворумот, пуштете музика.

(По кратка пауза)

Почитувани пратеници,

Давам пауза од половина час, денеска го користам правото како претседател да давам пауза, така што ќе продолжиме во 15,30 часот , кога ќе пристапиме кон гласањето.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,30 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците сите кои што се во Клубот, а ги има доста да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот, а пратениците нека седнат на своите места само да провериме колку сме присутни.

(Службите го утврдуваат бројот на пратениците)

Да бидам доследен, надежда секогаш последна умира на долги стази, да видам дали надежта ќе преживее за следните 10 минути за кворум.

(додека течат 10-те минути за кворум)

Надежта умира на долги стази а јас сакам да преживее за десет минути.

Во салава се присутни 54 пратеници.

Господине Караџоски, можете да се уклучите да го чуеме сите тоа што сакате да го кажете.

Пријавете се господине Караџоски, повелете.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе,

Ако ми дозволите, и така чекаме кворум,

**Љупчо Јордановски:** Место музика можете вака. . .

**Жарко Караџоски:** Може.

Ми падна во раце "Македонско сонце" и ме заинтегрира еден наслов, вили "Собранискиот спикер станува амбасадор. Наивниот романтичар ќе им спарингува на грчките ајкули во САД.

**Љупчо Јордановски:** Видете, јас и понатаму сакам да останам наивен романтичен, тука е успехот.

Почитувани пратеници, надежта сепак не се реализира. Ние тука денеска ќе прекинеме со работава.

Продолжуваме, односно гласањето во вторник во 11,00 часот

(Седницата со работа прекина во 15,45 часот).